**ПРОГРАМА: ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# ИНКЛУЗИВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА / ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

## ВОДИЧ ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА/ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

**Скопје, 2025**

**ИНКЛУЗИВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА / ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ**

**ВОДИЧ ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА/ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ**


**Издавач**

Биро за развој на образованието – Скопје

**Уредник**

м-р Милка Тримчевска



**Автори**

д-р Дурчевска Георгиева Габриела
м-р Трпевска Снежана
м-р Чонтева Жанета



**Лектор**

Татјана Нанкова

Година на издавање – 2025

Место на издавање - Скопје

Електронско издание


Водичот за работа на инклузивниот тим на детска градинка/центар за ран детски развој е изработен со адаптација на Водичот за работа на училишниот инклузивен тим, чии автори се:

м-р Бошковска Розалија
Ивановска Милка
м-р Мицковска Горица
Мојаноска Вангелина
м-р Панкова Душанка
Петровиќ Елизабета
Пешевска Митановска Александра
м-р Трпевска Снежана
м-р Чонтева Жанета

**Детски градинки вклучени во проектот „Инклузија на децата со попреченост во предучилишните установи“ што придонесоа за пилотирањето на работната верзија на водичот:**

ЈУДГ „Весели Цветови“ - Кисела Вода, Скопје

ЈУДГ „Срничка“ – Аеродром, Скопје

ЈУДГ „Буба Мара“ – Аеродром, Скопје

ЈУДГ „Снежана“ – Чаир, Скопје

ЈУДГ „8 Април“ - Шуто Оризари, Скопје

ЈУДГ „Детска Радост“ - Гази Баба, Скопје

ЈУДГ „13 Ноември“ – Центар, Скопје

ЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес

ЈУДГ „Детска Радост“ - Гостивар

ЈУДГ „Гоце Делчев“ - Виница

Ставовите изнесени во овој водич се на авторите и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ, на Бирото за развој на образованието (БРО) и на Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“.

Изданието е изготвено со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ и Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“.

**Листа на скратеници**

ИТДГ – инклузивен тим на детска градинка

ИТЦРДР – инклузивен тим на центар за ран детски развој

ИТДГ/ЦРДР – инклузивен тим на детска градинка/ центар за ран детски развој

М/ИТС – мултидисциплинарен/инклузивен тим на советувалиште

МКФ ДМ – Меѓународна класификација на функционирање за деца и младинци

ИВОП – индивидуален воспитно-образовен план

ИТД – инклузивен тим за дете

ПРУР – програма за рано учење и развој

ПРУРДПР - програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот

ТРУР – тешкотии во раното учење и развојот

ПИО –предучилишно инклузивно образование

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.2:376-056.26(035)
373.2:376-056.36(035)

ДУРЧЕВСКА Георгиева, Габриела

Инклузивна детска градинка / центар за ран детски развој [Електронски извор] : Водич за работа на инклузивниот тим на детска градинка/центар за ран детски развој / [автори Дурчевска Георгиева Габриела, Трпевска Снежана, Чонтева Жанета ; уредник Милка Тримчевска].
- Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/idc/.

- Текст во ПДФ формат, 264 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 04.07.2025.

- Наслов над текстот: Програма инклузија на деца со попреченост во предучилишно образование

ISBN 978-608-206-220-4

1. Гл. ств. насл. 2. Трпевска, Снежана [автор] 3. Чонтева, Жанета [автор]
а) Инклузија -- Детска градинка -- Деца со попреченост -- Прирачници

COBISS.MK-ID 66283013

# ВОВЕД

**Водичот за работа на инклузивен тим за детска градинка/центар за ран детски развој** е изготвен во рамките на Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот,[1] каде преку принципот на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата се настојува на сите деца „без разлика на полот, етничката припадност, социо-економските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби“, да им се овозможи влез во потсистемот на предучилишното воспитание и образование. Програмата ги поддржува активностите на Владата на Република Северна Македонија[2], Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, насочени кон остварување на правата на децата за пристап и вклученост во образование во раното детство, како и подобрување на постигнувањата преку обезбедување повисок квалитет на згрижување, воспитание, образование и развој, за сите деца. Законот за заштита на деца[3] предвидува во состав на детска градинка/центар за ран детски развој да може да се формира советувалиште за деца и родители и мултидисциплинарен/инклузивен тим за советувалиште(М/ИТС). За таа цел, усвоен е Правилник со кој се пропишуваат поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој. Притоа, основата на пропишаните задачи во Правилникот[4] е пред сè советодавна и во него не се содржани задачи кои се однесуваат првенствено на инклузивните политики на ДГ/ЦРДР како и на непосредна поддршка на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој.

Запишување на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој во детските градинки/центри за ран детски развој како и нивното понатамошно прифаќање, згрижување, воспитание, образование и третман, и наложуваат на предучилишната установа да формира различни/наменски инклузивни тимови како што се: инклузивен тим на детска градинка/центар за ран детски развој (ИТДГ/ЦРДР), инклузивен тим за дете (ИТД) и мултидисциплинарен/инклузивен тим за советувалиште (М/ИТС). Генерално, во предучилишните установи улогата и работата на инклузивните тимови не е законски прецизирана, а работните задачи и активности неиздиференцирани, поради што детските градинки/центри за ран детски развој се соочуваат со предизвици **како најсоодветно да им помогнат на децата кои имаат потреба од дополнителна поддршка и како ефективно да ја организираат работата на инклузивниот тим/инклузивните тимови.**

Организацискиот пристап на детските градинки/центрите за ран детски развој, во однос на инклузивните тимови од аспект на нивната структура, намена и функционалност е на

---

[1]Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот, МТСП https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilnicidetska/programa_rano_ucenje_posebni.pdf

[2] https://dejure.mk/zakon/programa-za-razvoj-na-dejnosta-za-zashtitata-na-decata-za-2022-godina (Програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2022г.)

[3] Закон за заштита на деца, МТСП https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/Закон за заштита на децата консолидиран февруари 2021-converted.pdf

[4] Правилник за поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/pravilnik_sovetuvaliste.pdf

различно ниво. Одредени градинки се во извесна предност бидејќи се вклучени во Програмата за инклузија на деца со попреченост во предучилишно воспитание и образование, односно имаат посетено обуки за „Тимови за поддршка на инклузијата и рана интервенција во предучилишни установи", формирале советувалишта и мулти-дисциплинарен/инклузивен тим на советувалиште и реализираат различни активности насочени кон подобро разбирање на инклузивниот процес и јакнење на капацитетите на градинките за работење со различни групи деца, обезбедуваат учество и поттикнување на раното учење и развој. Дел од обуките и активностите се однесуваат на формирање тимови и стекнување потребни вештини, знаења и искуства на членовите на тимот за успешно вклучување на сите деца во Програмата за рано учење и развој[5].

Преку адаптација на ПРУР, како и преку примена на различни стратегии за поучување, на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, треба да им се овозможи соодветна и континуирана поддршка за ефективно учество и реализација на поставените развојни и воспитно-образовни цели, а главна улога имаат токму тимовите за поддршка на инклузијата и рана интервенција во предучилишните установи, односно инклузивните тимови на детската градинката/центрите за ран детски развој. Всушност, интенција е детските градинки/центрите за ран детски развој кои се стекнале со поголеми искуства во работата на инклузивните тимови, истите да ги споделат со други детски градинки/центри за ран детски развој. Дел од тие искуства и материјали се содржани во овој Водич.

**Од практичари – за практичари.** Во водичот се содржани применливи инструменти, најчесто изготвени од практичари – членови на инклузивни тимови од детските градинки/центри за ран детски развој со стекнато практично искуство во работата, поради што Водичот е првенствено наменет за членовите на сите инклузивни тимови, за да им помогне во планирање, реализирање и документирање на нивната работа.

Целта на овој Водич е да им помогне на вработените во детските градинки/центрите за ран детски развој подобро да ја разберат улогата на ИТ, а на раководниот кадар да му помогне во создавање добар систем за поддршка на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, како и во создавањето инклузивна култура во овие предучилишни установи. Водичот, исто така, може да помогне и при самоевалуација и промоција на инклузивноста на детската градинка/центарот за ран детски развој.

Авторите на Водичот поаѓаат од идејата дека секој може да учи и да ги подобрува своите компетенции и работа. Тоа би сакале да биде идеја водилка на сите што се вклучени во работата на инклузивните тимови. Преку содржините во Водичот, се споделуваат досегашните знаења и идеи за работата на инклузивните тимови, кои истовремено се отворени за споделување искуства и предлози, за сите колеги. Водичот и понатаму може да се дополнува и да се подобрува како резултат на искуствата од практиката.

**Што е, а што не е Водичот**

[5] Програмата за рано учење и развој, МТСП
http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/programa_ranoucenje.pdf

Водичот содржи збирка на постапки[6] што ја насочуваат работата на ИТДГ/ЦРДР и инструменти што ја олеснуваат и ја документираат работата. Тие се подредени по подрачја, од една страна ја следат логиката на редоследот на активностите на ИТ во текот на воспитната година, а од друга страна, во голема мерка, се усогласени со подрачјата на развојното планирање на детските градинки/центрите за ран детски развој.

Групирани се во следниве 6 подрачја:

1. Опфат и вклученост на децата;
2. Планирање на воспитно-образовната работа;
3. Поддршка на воспитно-образовната работа и раното учење и нивен развој;
4. Поддршка на децата;
5. Партнерски однос со родителите, локалната и со деловната заедница;
6. Анализа и евалуација на инклузивноста.

Постапките во секое подрачје се групирани во потподрачја. На почетокот од секое подрачје и потподрачје е даден кус осврт на важноста на активностите на ИТДГ/ЦРДР во рамките на тоа подрачје.

Секаде каде што авторите сметаа дека може да се понудат инструменти[7] што ќе ја олеснат/насочат работата на ИТДГ/ЦРДР, тие се дадени во прилог. Понекогаш се дадени повеќе од една верзија на инструменти со иста/слична намена, за да можат корисниците да одберат верзија што ја сметаат за најсоодветна или да добијат идеи за изготвување на сопствени инструменти.

Ниту постапките, ниту инструментите не треба да се сфатат како единствено можни и единствено добри начини за работа на ИТДГ/ЦРДР. Тие се само „прва помош“ на новоформирани и недоволно искусни ИТДГ/ЦРДР. Во текот на работењето секој ИТ ДГ/ЦРДР, во зависност од развојни политики на ДГ/ЦРДР, стекнатите искуства, условите во коишто работи, ресурсите со коишто располага, може да ги прилагоди предложените постапки и инструменти.

Водичот не е прирачник за инклузивно воспитание, образование и развој. Се претпоставува дека членовите на ИТДГ/ЦРДР треба да имаат знаења за концептот на социјална и образовна инклузија и дека имаат познавања од делокругот на својата работа, користеле поширок репертоар на постапки што обезбедуваат учество и учење на сите деца, особено на оние со попреченост или тешкотии во раното учење и развој.

[6] Постапките во овој Водич се однесуваат на договорени постапки што треба да се следат во определена ситуација.

[7] Инструментите се изработени во детските градинки/центрите за ран детски развој во коишто работат авторите или се преземени/адаптирани од други автори.

**ДЕЛ I**

# ПРЕДУЧИЛИШНО ИНКЛУЗИВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ
# ИНКЛУЗИВЕН ТИМ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА/ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

## Што е предучилишно инклузивно воспитание и образование?

Образованието во раното детство игра клучна улога во развојот на децата и има значајни позитивни социо-економски ефекти врз целото општество. Емпириските студии за вложување во раниот детски развој спроведени од Џејмс Хекман и една скорешна студија за корелацијата меѓу одењето во градинка и резултатите од тестирањето ПИСА, што се спроведува во 34 земји на ОЕЦД, го потврдуваат тоа. Со образованието во раното детство не само што се поддржува образовен успех, туку и се градат други вештини кај децата кои се од суштинска важност за учењето и развојот на мозокот. Развојот на „некогнитивните вештини“, интелектуалната љубопитност, истрајност, социјалните вештини и емотивната стабилност во текот на детството и адолесцентските години се подеднакво важни за успехот на децата во доживотното учење, социјалната интеграција, личниот развој и подоцна, при вработувањето.[8] Во контекстот на овој Водич, наменет за инклузивните тимови во предучилишните установи, нема детално да се задржуваме на објаснувањето што е инклузивно воспитание и образование, но за изедначено разбирање ќе се раководиме од следново[9]:

– Инклузивното воспитание и образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку зголемување на учеството во учењето, во воспитно-образовните институции и во заедницата.

– Тоа вклучува модифицирање на образовните содржини, приоди, организација и стратегии, за да се овозможи квалитетно образование за сите.

– Инклузивното образование подразбира дека сите деца, без оглед на нивните посебности, се вклучени и прифатени.

– Инклузивното воспитание и образование во раното детство, покрај вклучување на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од потсистемот на предучилишно воспитание, образование и згрижување, се фокусира на пристапот и ставот кон учењето како и на однесувањето на детето во текот на самото

---

[8] Програма: Образование во раното детство; УНИЦЕФ https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/образование-во-раното-детство

[9] Засновано на: UNESCO 2009, Policy Guidelines on Inclusion in Education, стр. 8–9, http://unesdoc.unesco.org/images/0017/001778/177849e.pdf и
UNICEF, 2012, The Right of Children with Disabilities to Education: A Rights-Based Approach to Inclusive Education, стр. 10–11, https://www.unicef.org/ceecis/IEPositionPaper_ENGLISH.pdf

[8] Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот од предучилишна возраст се однесува на:
- деца со оштетен вид (слепи и слабовидни);
- деца со оштетен слух (глуви и наглуви);
- телесно-инвалидни деца;
- хронично болни деца;
- деца со интелектуална попреченост;
- аутистични лица;
- деца со пречки во гласот, говорот и јазикот;
- деца со комбинирани пречки во развојот.

учење, односно како децата со попреченост ги стекнуваат знаењата и вештините[10]. Тие, без оглед на нивните потенцијали или слабости во некои области, се вклучуваат во редовните воспитни групи и им се обезбедуваат соодветни услови за рано учење и развој, напредување и учество во животот на детската градинка/центар за ран детски развој.

Потребата од инклузивно образование во раното детство и барањето начини како тоа најдобро да се реализира, особено се актуелни во последниве десетина години и се видливи со усвоените меѓународни документи што се залагаат за **квалитетно образование за сите**[11] и различните стручни движења за нивно оживотворување во практиката. Традиционалното образование, „еднакво" за сите, се покажа дека не може да обезбеди квалитетно образование за сите. Потребно е да се прилагоди на потребите на различните групи и поединци. Во таа насока, според сознанијата од практиката, може да зборуваме за најмалку три нивоа на прилагодување на воспитно-образовната работа:

– Ниво I – пропишаните програми за рано учење и развој на детето од предучилишна возраст и препорачаните методи се соодветни за најголемиот број деца (околу 80 %) и за нив не се потребни посебни прилагодувања за да можат успешно да учат.

– Ниво II – диференцирани и индивидуализирани приоди се потребни за дел од децата (околу 15 %) што имаат тешкотии во раното учење и развојот (ТУ).

– Ниво III – интензивна поддршка и работа според програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот и индивидуален-воспитно образовен план е потребен за мал дел од децата (околу 5 %), кои имаат посериозни потешкотии заради поголема попреченост [12].

[9] Salamanca Statement and Framework for Action on Special-Needs Education (1994), http://www.unesco.org/education/pdf/SALAMA_E.PDF
– Council of Europe, Political Declaration (2003) and Action Plan (2006), https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805af657
– United Nations International Convention on the Rights of Persons with Disabilities (2006), http://www.un.org/esa/socdev/enable/rights/ahc8adart.htm

[12] Во овој Водич за различни групи деца на кои им е потребна поддршка ќе се користат следниве дефиниции:
- Деца со попреченост (ДП) – деца со значително намалена способност да разберат нови или комплексни информации или да научат нови вештини; намалена способност да се справат независно со оштетување што има траен ефект врз развојот на детето.
- Деца со тешкотии во раното учење и развој (ТРУР) – деца од предучилишна возраст што имаат големи пропусти во знаењето што не се должат на намалени интелектуални способности или деца кои имаат емоционални проблеми што влијаат врз способноста да научат, да следат и да се вклопат заедно со другите во процесот на рано учење и развој (ниво II од горе прикажаните нивоа на прилагодување).




Слика 1. Нивоа на прилагодување во воспитно-образовната работа

Адаптирано од:
http://www.ncmcs.org/cms/lib7/NC01001076/Centricity/Domain/16/Leadership/SST/Complete_Manual_docx__21.doc9.18.pdf

Според определбите во програмските документи за рано учење и развој, базирани врз Стандардите за рано учење и развој, воспитувачите во предучилишните установи имаат посебна одговорност кон децата кои од различни причини имаат тешкотии во учењето и развојот како и во постигнувањето на целите, активностите, очекувани резултати, што доаѓа до израз со прилагодување на содржините и методите во воспитно-образовната работа кон различното темпо на напредување на децата.“[13]

- Инклузивната педагогија што се промовира во **Програмата за рано учење и развој за децата со пречки во развојот** е заснована на следните принципи:
- принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам;
- принцип на демократичност;
- принцип на доминација на игра и принцип на поврзување со животната реалност;
- принцип на активно учење и поттикнување различни начини на изразување;
- принцип на усогласеност со возрасните;
- карактеристики и принцип на индивидуализација;
- принцип на целосност и интегритет;
- принцип на следење и поттикнување на детскиот развој;
- принцип на развојно-процесен пристап;

[13] Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот, стр. 1, МТСП 2015, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilnicidetska/programa_rano_ucenje_posebni.pdf

- принцип на постепено осамостојување на детето;
- принцип на критичко вреднување;
- принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот.

Инклузивниот тим на детска градинка/центар за ран детски развој, иако се грижи за вклучување на сите деца, работата ја фокусира на децата на кои им е потребна поддршка од ниво III и ниво II.

### Инклузивното образование во раното детство низ нормативните акти

Република Северна Македонија е потписник на клучните меѓународни документи врз кои се базира концептот на социјална и образовна инклузија. Одредени членови од Конвенцијата на правата на детето како и од други документи и конвенции што се однесуваат на правата на децата со посебни образовни потреби, се составен дел од Законот за заштита на деца[14].

Во законите на Република Северна Македонија се води грижа за децата со посебни образовни потреби, па така членот 168 став (7) од Законот за заштита на деца, се однесува на Програмата за рано учење и развој, базирана врз Стандарди за рано учење и развој[15]. Таа треба да е во согласност со развојните капацитети на децата од предучилишна возраст, односно да се базира врз потребите и интересите за рано учење и развој на децата, да е насочена кон целосно постигнување на развојните потенцијали кај секое дете, вклучувајќи ги и децата со попреченост.

Во ставот 2 од членот 60 од Законот за заштита на деца се наведува дека: „Ако во јавната детска градинка има пријавено поголем број деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца. Притоа приоритет се дава на дете со попреченост за кое има доставено наод и мислење од Службата за функционална проценка, согласно Законот за социјалната заштита[16], со препорака за прием". Во став 11 од истиот член, се наведува и дека „Органот на управување на детска градинка посветува внимание и ги следи состојбите по однос на приемот на децата со попреченост и нивната инклузија во воспитните групи за згрижување и воспитание, односно за социјално-економските услови во семејството. Во таа насока, согласно член 64 став (4) од Законот за заштита на деца се наведува дека во воспитните групи може да се вклучи едно дете со попреченост, при што бројот на децата во конкретната група се намалува за две деца со типичен развој. Согласно ставот 2 од членот 74 се наведува дека доколку во групата се опфатени деца на возраст од три до четири години, максималниот број на деца е 15 во

[14]Закон за заштита на деца, МТСП Закон за заштита на деца, МТСП,
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/Закон за заштита на децата консолидиран февруари 2021-converted.pdf

[15]Стандарди за рано учење и развој,
http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Standardi_za_ran_detski_razvoj.pdf

[16] Закон за социјална заштита,
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2021_zakoni/Zakon za izmenuvanje i dopolnuvanje na ZSZ 294 21.pdf

група, а доколку во групата има деца со попреченост, но не повеќе од две деца во група, максималниот број на деца во група е 12. Членот 169 став 1 од истиот закон, нуди можност во состав на јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој да се формира советувалиште за деца и родители, а ставот 2 од истиот член овозможува во советувалиштето да се формира мултидисциплинарен/инклузивен тим. Поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето се пропишани во посебен правилник за таа намена[17].

Во членот 24 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност[18], земјите потписнички го признаваат правото на образование на лицата без дискриминација и врз основа на еднакви можности. Имено, земјите потписнички на Конвенцијата ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи на децата со пречки во развојот, врз еднаква основа со другите деца. Како примарна грижа се зема предвид најдобриот интерес на детето, но и разумно прилагодување на индивидуалните потреби за лицата со инвалидност, за да ја добијат потребната поддршка во рамките на општиот образовен систем и да се поедностави нивното ефикасно образование.

Членот 26 од Универзалната декларација за правата на човекот[19] го содржи начелото дека секој има право на образование, а родителите имаат првенствено право да го изберат видот на образованието за своите деца.

Вклучувањето на децата со посебни образовни потреби во редовниот воспитно-образовен систем, подразбира целосна инклузија во работата и севкупниот живот во воспитно-образовната установа.

Овој процес претпочита овозможување на повеќе услови за успешна инклузија, меѓу кои и можноста за обезбедување тимски приод при разрешување на проблемите и задоволување на потребите во воспитно-образовните установи.

За таа цел, за децата со посебни образовни потреби запишани во детските градинки/центри за ран детски развој, градинката/центарот за ран детски развој формира инклузивен тим составен од воспитувачи, родители и стручни работници (специјален едукатор и рехабилитатор[20], педагог, психолог, социјален работник, логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија и др.)

Во Република Северна Македонија регулативата на процесот на инклузија на децата со посебни образовни потреби е базирана врз позитивните светски искуства, адаптирани на нашиот национален контекст. Во таа насока, а во полза на оживотворување на општата

---

[17] Правилник за поблиските критериумите за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој, https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/pravilnik_sovetuvaliste.pdf

[18]Конвенција на ООН за правата на лицата со инвалидност, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Konvencija za pravata na licata so invalidnost.pdf

[19] Универзалната декларација за правата на човекот (Службен весник на РМ бр. 57/93). https://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni dokumenti mehanizmi za zastita na covekovite prava.pdf

[20] Во овој документ, терминот „специјален едукатор и рехабилитатор“ се користи и за стручните лица кои во минатото се стекнале со звањето „дефектолог“.

демократизација и хуманизација, сè повеќе се истакнува општата заложба „образование за сите“, односно примена на фундаменталното право на образование.

Принципот на образование за сите го признава правото на соодветно образование, согласно можностите на децата и младинците, без оглед на степенот на нивната попреченост или посебна потреба.

Една од темелните интенции за кои гласно и поаргументирано се зборува во литературата и на стручните собири од оваа тематика, е потребата за опфат на децата со развојни тешкотии и посебни образовни потреби со ран третман и предучилишно воспитание и образование. Научната заснованост на раната детекција и опфатот на децата со развојни тешкотии и посебни воспитно - образовни потреби со соодветен третман и организирани форми на предучилишно воспитание и образование е елабориран во многу научни трудови, додека практиката тоа го докажала на терен.Целта на раната интервенција (третман) се изразува во максималното развивање и користење на биопсихосоцијалните потенцијали во функција на компензирање на изгубениот орган (способност), во период од животот кога може пресудно да се влијае.

Една од мерките што е содржана во делот Образование од Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (2010 – 2018)[21], се однесува на развивање на програми за вклучување на децата во образовниот систем, вклучувајќи го и предучилишното воспитание и образование. Друга значајна мерка од овој сегмент се однесува на работата со децата која треба да биде индивидуализирана, насочена од специјални едукатори и рехабилитатори и стручниот тим во детската градинка/центар за ран детски развој, за што е потребно задолжително вклучување на специјални едукатори во рамките на потсистемот на предучилишното воспитание и образование, како и во одделенијата за образование во локалната самоуправа.

Во документот „Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години“[22], на Министерството за труд и социјална политика, се содржани стандардите кои можат да се применуваат во сите околности каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат децата од 0-6 години и ги презентираат очекувањата коишто треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни аспекти на развојот/домени на развој (здравје и моторички развој, социоемоционален развој, јазик, комуникација и развој на писменост и когнитивен развој и стекнување на општи знаења).

Во документот, **Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот**, во делот на улога на воспитувачот е наведена работна задача која се однесува на вклучување во планирањето на индивидуален воспитно-образовен план, согласно потребите, можностите и интересите на детето со попреченост, во соработка со стручниот тим во градинката. Документот содржи и посебен сегмент за улогата на стручниот тим каде голем дел од работните задачи се однесуваат и на работата на инклузивните тимови.

---

[21] Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност
https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/FINALNA Revidirana Nacionalna Strategija.pdf
[22] Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години
http://dpi.mon.gov.mk/index.php/regulations/pravilnici/119-2016-01-26-12-38-42

Детските градинки/центри за ран детски развој може да изготват и интерни акти со подетални инструкции за утврдување на правата на индивидуален воспитно-образовен план и негова имплементација.

**Инклузивен тим**

Формирањето на инклузивни тимови не е детално пропишано во Законот за заштита на деца и не постојат подетални определби за организацијата и подрачјето на работа на тимовите. При формулирањето на препораките што се дадени понатаму се користени искуства од други земји, искуства од работата на инклузивните тимови во основните училиштата, како и искуствата од работата на инклузивните тимови формирани по иницијација и на иницијатива на самата градинките/центри за ран детски развој, а со интенција за креирање на инклузивните политики на градинка/центар за ран детски развој и поддршка на децата со пречки во развојот.

**Инклузивен тим на градинка/центар за ран детски развој (ИТДГ/ЦРДР), мултидисциплинарен/инклузивен тим во советувалиште за деца и родители (М/ИТС) и инклузивен тим за дете (ИТД).**

Во детската градинка/центар за ран детски развој се формираат инклузивен тим на градинка/центар за ран детски развој (ИТДГ/ЦРДР), кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целата градинка/центар за ран детски развој, инклузивен тим во советувалиште за деца и родители кој работи според посебен Правилник за советувалиште и инклузивен тим за дете, кој работи по индивидуален воспитно-образовен план (ИВОП).

ИТДГ/ЦРДР и ИТД се меѓусебно поврзани на два начина: ИТДГ/ЦРДР ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целата градинка/центар за ран детски развој и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата, а инклузивните тимови за деца (ИТД) во фокусот на својата работа ги имаат конкретните деца, изготвувањето и реализирањето на нивните ИВОП-и. Член на ИТДГ/ЦРДР е и член на определен ИТД или ИТС и е одговорен за врската со конкретни ИТД.




Слика 2. Инклузивен тим на градинка/ центар за ран детски развој и инклузивни тимови за деца

Протоколите опишани во овој Водич се однесуваат првенствено на работата на ИТДГ/ЦРДР. ИТДГ/ЦРДР формално е новина во нашите детски градинки/центри за ран детски развој, меѓутоа тимови за различни подрачја не се нови, како што и подрачјето инклузија на различни основи на сите деца не е ново во добрите предучилишни установи. Покрај насоките за работата на ИТДГ/ЦРДР што се дадени во овој Водич, детски градинки/центри за ран детски развој, доколку сметаат за потребно, може да изготват интерни акти за регулирање на работата на ИТДГ/ЦРДР.

## Состав и улога на инклузивниот тим на детска градинка/центар за ран детски развој

**Составот на инклузивниот тим на детска градинка/центар за ран детски развој** не е детално прецизиран бидејќи зависи од видот и бројот на стручни работници кои се вработени во конкретната детска градинка или центар за ран детски развој, согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца. Во него треба да партиципираат различни образовни профили и тоа: директорот на ИТДГ/ЦРДР, воспитувачи, родители, психолог, педагог, социјален работник, специјален едукатор и рехабилитатор и по потреба доктор на медицина, доктор на стоматологија и др.

Улогата на инклузивниот тим на детска градинка/центар за ран детски развој е систематски да работи на прашања поврзани со инклузијата, да воспостави процедури во решавање на проблемите на децата со посебни воспитно-образовни потреби во ИТДГ/ЦРДР што ќе им бидат познати на сите во градинката/центар за ран детски развој. Конкретната содржина на работа на секој инклузивен тим на детска градинка/центар за ран детски развој ќе зависи од спецификите на детската градинка/центар за ран детски развој. ИТДГ/ЦРДР тесно соработува со раководството на детската градинка/центарот за ран детски развој, со стручните работници и со други тимови/комисии во детската градинка/центарот за ран детски развој, чија работа, на некој начин, е поврзана со инклузијата (на пр. со мултидисциплинарниот тим/инклузивен тим во советувалиште за деца и родители, тим за самоевалуација, за развојно планирање и сл.).

**Составот на инклузивен тим за дете** не е определен со закон и се однесува на конкретно дете. Детската градинка/центарот за ран детски развој формира инклузивен тим за дете составен од педагогот, односно психологот во детската градинка/центарот за ран детски развој, воспитувачот на детето, родителот, односно старателот на детето, специјалниот едукатор и рехабилитатор, доколку има во детската градинка/центарот за ран детски развој и по потреба, може да се вклучи и лекарот на детето.“[23] Меѓутоа, тоа треба да се сфати како <u>минимален состав на ИТД</u>.

**Составот на мултидисциплинарен/инклузивен тим** на советувалиште за деца и родители го сочинуваат следните профили на кадар: психолог, педагог, социјален работник, специјален едукатор и рехабилитатор, доктор на медицина, доктор на стоматологија и воспитувач, како извршители на работата во советувалиштето.

Во зависност од големината и организацијата на другите тимови во детската градинка/центарот за ран детски развој, во составот на ИТДГ/ЦРДР може да се вклучи и директорот на детската градинка/центарот за ран детски развој, повеќе од еден воспитувач, надворешно стручно лице за работа со деца со попреченост или тешкотии во раното учење и развој (доколку детската градинка/центарот за ран детски развој нема специјален едукатор и рехабилитатор),а може и повеќе од еден родител.

---

[23] Закон за детска заштита,
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/Закон за заштита на децата консолидиран февруари 2021-converted.pdf

Значи,  бројноста и составот на инклузивниот тим што ќе функционира во една детската градинка/центарот за ран детски развој може да не е соодветен за друга детската градинка/центарот за ран детски развој. При изборот на членови на инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој треба во прв план да бидат нивните позитивни ставови во врска со инклузијата и компетенциите за инклузивни практики. Така ќе се обезбеди ИТДГ/ЦРДР да биде сензитивен за сите прашања поврзани со инклузијата, компетентен и подготвен за соработка со воспитувачите и благовремено да реагира на тешкотиите со кои се соочуваат децата и заеднички да наоѓаат решенија.

**Организацијата на работата** на ИТДГ/ЦРДР е битна за ефикасноста на работењето. Во таа насока ИТДГ/ЦРДР треба да воспостави процедури за својата работа, на пример кои активности ги има на редовна основа, како до тимот доаѓаат информации за децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, како се комуницира со раководството на ИТДГ/ЦРДР и со колегите (формални и неформални начини, електронска комуникација и сл.). ИТДГ/ЦРДР треба да има утврдено место за состаноци и определено време за редовни состаноци.

За поефективна работа ИТДГ/ЦРДР треба да определи раководител/координатор (којшто ќе ги свикува состаноците), записничар (којшто ќе води белешки и друга евиденција од средбите), а добро е, ако е можно, членовите да бидат специјализирани/одговорни за определени прашања од областа на инклузијата (пр. работа со деца со попреченост, со проблеми во однесувањето и сл.).

Вработените  во ДГ/ЦРДР треба благовремено да бидат запознати со информациите за начинот на работење на ИТДГ/ЦРДР што се релевантни за нив, со што ќе се подобри соработката.

Составот на ИТДГ/ЦРДР може да се определува за три години (еден циклус од развојното планирање) или за една година. Некои членови на ИТДГ/ЦРДР се постојани (на пр. специјален едукатор и рехабилитатор или другите стручни работници), додека другите се променливи, но и тие може, и добро е, во ИТДГ/ЦРДР да работат повеќе години. Детската градинка/центар за ран детски развој треба да одбере мандат на еден состав на ИТДГ/ЦРДР што одговара на севкупната организација на работата во градинката/центар за ран детски развој.

**ДЕЛ II**

# ПОСТАПКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ ЗА ДЕТСКА ГРАДИНКА/РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

## Подрачје 1. Опфат и вклученост на деца

Основата на предучилишното инклузивно воспитание и образование е во зголемувањето на капацитетите на градинките за да се обезбеди што поголем опфат на децата, преку обезбедување на еднаков пристап за сите деца, нивно безбедно згрижување и максимална вклученост во активностите за рано учење и развој.

Согласно законската регулатива и инклузивните политики на ДГ/ЦРДР, ИТ ДГ/ЦРДР треба да се вклучи во воспоставување механизми и преземање активности што ќе обезбедат максимален опфат на сите деца. Тие се однесуваат на запишување и прием на деца врз основа на пријави преку целата година, задржување на децата во ДГ/ЦРДР во текот на предучилишно образование, обезбедување соодветен премин во друга ДГ/ЦРДР или прифаќање на децата од друга ДГ/ЦРДР како и поддршка од поаѓање во основно училиште до десет годишна возраст.

За да биде предучилишното воспитание и образование инклузивно, следен услов е активна партиципација на сите деца во социјалните интеракции и постигнување развојни резултати во согласност со нивниот максимален развоен потенцијал. ИТДГ/ЦРДР изготвува и применува протоколи со кои се обезбедува вклученост и следење на активно учество на децата во воспитно-образовните активности.

### 1.1. Опфат на деца

Интересот за вклучување на децата во предучилишните установи и излегувањето во пресрет на барањата на родителите, треба да е во согласност со проектираниот капацитет на ДГ/ЦРДР и нормативите за бројот на деца во воспитната група, во зависно од возраста на децата, согласно Законот за заштита на децата. Во таа насока ИТДГ/ЦРДР учествуваат во изготвување попис на активности што треба да се преземат, за да се обезбеди максимален опфат и правична застапеност на децата од предучилишна возраст од реонот и прифаќање на деца од други реони, доколку има услови за тоа.

**1. Протокол за запишување на деца во предучилишното воспитание и образование**

Членови од ИТДГ/ЦРДР заедно со Органот на управување на детска градинка посветуваат внимание и ги следат состојбите по однос на приемот на децата со попреченост. ДГ/ЦРДР запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година. Доколку во јавната детска градинка има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава Комисија за прием на деца која е именувана од директорот, при што се дава приоритет на дете со попреченост за кое има доставено наод и мислење, со препорака за прием.

Запишувањето започнува со **Барање/Пријава/Апликација** до градинката во која родителот/старателот сака да го запише своето дете, која содржи информации за детето и родителот/старателот. Во зависност од градинката, пријавата некаде е овозможено да биде поднесена електронски (со пополнување на форма или преку е-маил), а во некои општини мора да биде поднесена лично во самата градинка. Затоа, најдобро е пред уписот, родителот да се информира преку контакт телефонските броеви од градинката во која сака да го запише детето, за да добие конкретни информации како точно треба да постапи.

Со пријавата родителот/старателот доставува и **потврда од матичен лекар**, односно податоци за здравствената состојба на детето со вакцинален статус. При тоа, родителот/старателот на дете со попреченост е должен да приложи наод и мислење од Службата за функционална проценка.

При прием на детето во ДГ/ЦРДР му се отвара и развојно портфолио, односно **Досие за детето**[24].

Поднесените апликации се разгледуваат од страна на Комисија за прием на децата формирана во рамките на градинката. За секоја апликација комисијата врши известување до родителите за прием на нивното дете. Доколку на апликацијата за прием Комисијата дава позитивен одговор, родителот е потребно да се обрати во матичниот објект на градинката.

Правата и обврските на градинката и корисниците на услугите се уредуваат со **договор,** со кој особено се регулираат меѓусебните односи на давателот и корисникот на услугата, квалитетот на услугата, начинот на плаќањето, изборот на програмата, должината на престојот на детето во установата и други прашања во поглед на заштита на детето и дејноста на градинката.

За престој на деца во Центар за ран детски развој и деца Роми кои се вклучени во Проект „Инклузија на деца Роми во јавни детски установи - детска градинка", родител/старател потпишува посебен договор за прием, бидејќи престојот на детето е бесплатен.

Претставници од ИТДГ/ЦРДР се членови на Комисија за прием на децата формирана во рамките на градинката и во согласност со органот на управување учествуваат во следење на состојбите по однос на приемот на децата со попреченост, нивната инклузија во воспитните групи за згрижување и воспитание, односно за социјално-економските услови во семејството (Прилог 1.4).

На интервјуто/средбата на родителот со претставници од стручното тело во ДГ/ЦРДР или комисијата за запишување на деца, родителот доставува пополнета пријава за упис на дете (во два примерока), потврда од матичен лекар и во соработка со стручен работник/член на стручното тело во ДГ/ЦРДР или комисијата за запишување на деца, учествува во пополнување на здравствениот и социјален профил од досието на детето. (прилози 1/2, 1/3-а-в, 1.5).

---

[24] Досие на детето
https://mtsp.gov.mk/content/pdf/Razvojno_portfolio_.pdf

## 2. Протокол за формирање на групи

2.1. Членови од ИТДГ/ЦРДР заедно со Органот на управување на детска градинка води грижа и ги следи состојбите по однос на инклузијата на децата со попреченост во воспитните групи за згрижување и воспитание, вклучително и за социјално-економските услови во семејството.

2.2. Придржување на прописите за формирање групи, при што води грижа за инклузија на сите деца.

– Членови на ИТДГ/ЦРДР задолжително се вклучени во формирањето на групите. Тие особено водат грижа децата со попреченост да се вклучени, согласно нормативната регулатива и препораките од стручната служба за функционална проценка.

**3. Протокол за следење и намалување на напуштањето на ДГ/ЦРДР**

3.1. ИТДГ/ЦРДР од различни извори (стручни работници, воспитувачи, извештаи од совети на воспитувачи и слично) добива информации за децата што ја напуштиле ДГ/ЦРДР.

**4.** ИТДГ/ЦРДР во соработка со стручните работници, прави анализа на причините за напуштање на ДГ/ЦРДР, а особено за децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој и презема активности за враќање на децата во ДГ/ЦРДР.

**5. Протокол за преместување во друга група**

5.1. Како дел од постапката за преместување во друга група, ИТДГ/ЦРДР ги разгледува предлозите/барањата за преместување во друга група и дава препорака во најдобар интерес на детето.

**6. Протокол за премин на децата од една ДГ/ЦРДР во друга ДГ/ЦРДР**

6.1. ИТДГ/ЦРДР настојува децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој да не се префрлаат во друга ДГ/ЦРДР поради тешкотиите во работата со нив, освен кога ќе процени дека тоа е во најдобар интерес на детето.

6.2. ИТДГ/ЦРДР за децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој ги доставува значајните информации за раното учење и развојот на детето и е отворен за натамошна соработка со ДГ/ЦРДР во која преминува детето.

6.3. При прием на детето со попреченост или тешкотии во раното учење и развој од друга ДГ/ЦРДР, ИТДГ/ЦРДР бара информации за дотогашното учење и развој на детето и ги зема предвид при понатамошната работа со детето.

6.4. Вклученост и учество на децата во дополнителни програмски активности (активности според факултативни програми, по избор на родител и во зависност од интересот на детето). Во раното учење, треба да се вклучени сите деца, согласно нивните потенцијали и интереси.

**7. Протокол за обезбедување на вклученост на децата во дополнителни програмски активности (активности според факултативни програми, по избор на родител и во зависност од интересот на детето).**

ИТДГ/ЦРДР учествува во изготвување процедури за информирање и советување на родителите, за вклучување на нивните деца во активности според факултативни програми, по избор на родителот и во зависност од интересот на детето, особено за децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој и децата од маргинализираните групи (Протокол 1.6).

**8. Протокол за следење на учеството на децата со** попреченост или тешкотии во раното учење и развој, **и децата од маргинализираните групи во воспитно-образовните активности од програмата за рано учење и развој.**

8.1. Членови на ИТДГ/ЦРДР заедно со стручните работници, го следат вклучувањето на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој и децата од маргинализираните групи во воспитно-образовните активности од програмата за раното учење и развој. За таа цел може да се користат различни инструменти за следење на учењето во зависност од целта на следењето. Сознанијата се бележат и се споделуваат со ИТДГ/ЦРДР (прилог 1/7).

## ПРИМЕРИ НА ИНСТРУМЕНТИ И МОДЕЛИ НА ДОКУМЕНТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО 1

Прилог 1/1. ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЕМ НА ДЕЦА ВО ДГ/ЦРДР

1. Во ДГ/ЦРДР се примаат деца во текот на целата година.
2. Запишувањето на децата во ДГ/ЦРДР го врши Комисија за запишување на деца формирана од директорот.
3. Во работата на комисијата учествува и најмалку еден претставник од ИТДГ/ЦРДР.
4. При запишувањето на детето родителот/старателот е должен да достави потврда за примени задолжителни вакцини за детето, издадени од надлежна здравствена установа.
5. При прием и запишување на детето со попреченост, родителот/старателот потребно е да достави мислење/функционален профил од службата за функционална проценка. Доколку комисијата за запишување на деца процени дека детето има одредена функционална попреченост, а родителот/старателот не доставил мислење/функционален профил од стручната служба за функционална проценка, со кое на детето му овозможува предност при запишувањето во однос на други деца со типичен развој, во интерес на детето е да го упати родителот/старателот кај стручната служба за проценка.
6. Првичната проценка која се одвива во ДГ/ЦРДР се базира на различни извори и методи (разговор, набљудување на детето во разни ситуации и средини, базична проценка на функционалности – моторика, внимание и концентрација, прифаќање напори, комуникација, перцепции, емоционална состојба) со што се добиваат податоци за иницијалната состојба во поглед на силните страни/потенцијали и потребите за поддршка на детето.
7. За поефикасно и посеопфатно собирање релевантни информации во насока на поквалитетна првична проценка и запознавање со детето, особено со децата со попреченост, ИТДГ/ЦРДР и комисијата соработуваат со родителот/старателот од кого можат да добијат најмногу корисни информации.
8. Комисијата води евиденција за запишани деца и му дава информација на директорот, надлежниот инспекторат – МТСП и општината.

Прилог 1/2. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕТЕТО ДОБИЕНИ ОД РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ

Име и презиме на детето: ___________________________________________

Датум, место на раѓање: ___________________, националност: _______________

Државјанство:__________, адреса на живеење: _____________________________

| **ПОДАТОЦИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ** | | **МАЈКА** | **ТАТКО** |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| Година, место на раѓање | | | |
| Образование | | | |
| Тел. | Дома | | |
| | На работно место | | |
| | Мобилен | | |

**Детето живее со:**

☐ двајца родители, ☐ со еден родител (кој) ___________, ☐ со старател (кој) ______________.

**Родителите:**

☐ живеат заедно, ☐ разведени/разделени се, ☐ еден родител е починат (кој) __________.

**Станбени услови на семејството:**

☐ сопствена куќа, ☐ потстанари, ☐ сопствен стан, ☐ друго _______________.

**Детето за играње користи:**

☐играчки, ☐сликовници ☐друго

**Дали сте корисници на социјална помош:** ☐ да, ☐ не.

**Детето црта/бои/пишува со:** ☐ лева рака, ☐ десна рака, ☐ се служи со двете раце.

| | |
|---|---|
7. Извештај за напредокот.
8. Членови на тимот.
9. Следење, евалвација и ревидирање.

### СТРУКТУРА на индивидуалниот воспитно-образовен план (ИВОП)

Во прилог на основни лични информации во врска со детето, ИВОП вклучува:

- историја на згрижување, воспитание, образование и третман;
- податоци за претходни интервенции;
- медицинска историја (доколку ја има);
- опис на сегашното ниво на функционирање на детето/развоен статус во целина, а потоа по области на развојот-когнитивниот, емоционалниот, мотивацискиот, физичкиот и социјалниот статус (моменталните можности и функционалности на детето);

- индивидуални карактеристики на детето: преференции, способности, потреби, интереси и сл.;
- приоритетни подрачја во кои има потреба од поддршка (подрачје во кое напредокот/развојот оди побавно);
- групирање на приоритетните подрачја во различни функционални подрачја;
- соодветни податоци за постигањата како доказ за одлуката дека детето има потреба од поддршка;
- планирани цели кои треба да бидат секвенционирани, специфични, мерливи и достижни;
- образовни стратегии за постигнување на очекуваните резултати (форми, методи, техники, активности, средства/ресурси потребни за спроведување на ИВОП);
- видови, нивоа, содржина и фреквенција на поддршката;
- временска рамка и место на реализација на ИВОП (ДГ/ЦРДР, занимална...);
- извештај за напредокот (во кој се евидентираат постигнатите резултати од развојот и учењето, начинот на кој ќе се известува за постигањата на детето, временскиот период во кој ќе се изготви извештајот и фреквенцијата на известување);
- имиња и работни позиции на членовите на тимот за изработка и реализација на ИВОП;
- следење на напредокот на детето, преглед и ревидирање на ИВОП.

## ЦЕЛИ ВО ИВОП

Целите укажуваат на посакуваните резултати или достигнувања што се очекуваат по планираното време за нивно постигнување.

Целите може да бидат краткорочни (неделни, месечни) или долгорочни (полугодишни, годишни), во зависност од периодот на времето што е дефинирано.

Добро дефинираните цели се јасни, конкретни, остварливи и мерливи. Важно е целите да се дефинирани така што ќе може да се измери нивното постигнување.

Остварливоста на целите се проценува не само во однос на можноста на детето, туку и во однос на поддршката што ја добива од ДГ/ЦРДР, семејството, пошироката заедница за стимулирање на неговиот развој. Несоодветно поставените цели (превисоки или прениски) може да доведат до стагнација или регресија во развојот на детето, да имаат негативно влијание врз самодовербата и мотивацијата.

Понекогаш е важно прво да се создадат услови за да биде успешно детето во некоја активност, со цел да се подигне нивото на самодоверба, а потоа да се работи на постигнување некои повисоки диференцирани образовни цели.

При определување на конкретни активности што ќе доведат до постигнување на целта, не смееме да заборавиме да одговориме на прашањата: кој, кога и каде да ги спроведе планираните активности.

## ДОКУМЕНТАЦИЈА НА НАПРЕДОКОТ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ЕФЕКТИВНОСТА

Составен дел на индивидуалниот воспитно-образовен план е постојано следење и собирање податоци што ќе се користат за утврдување на напредокот на детето. Меѓу методите за следење на постигањата и напредокот се: примероци од изработки, забележани шеми на однесување, листи за проверка, анегдотски белешки.

Потребно е да се одреди најприродната средина и најдоброто место за спроведување на индивидуалниот воспитно- образовен план. Затоа треба да се создадат услови за негово спроведување во рамките на заедничките воспитно-образовни активности, каде што е можно, бидејќи издвојувањето на детето во групата може да биде обесхрабрувачко.

Дел од планираните активности може и треба да се спроведуваат во семејното опкружување. Кога во ИВОП-от се планирани индивидуални вежби (вежби за реедукација на психомоторика, вежби за корекција на говорот, сензорна интеграција, вежби за внимание, за концентрација, вежби за помнење и др.), доколку тие не може да се реализираат во ДГ/ЦРДР, се реализираат во ресурсен центар, центар во заедницата кој нуди услуги/сервисна служба, здравствен центар или домашни услови.

## ПРИНЦИПИ НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ ЗА ДЕТЕ

– Комплетна, сеопфатна проценка на детето, земајќи ги предвид сите аспекти на неговиот развој. Тимот е фокусиран на потенцијалите на детето и тие ги одредуваат активностите и индивидуалните задачи на секој член на тимот. Задоволството на детето е силна основа за создавање и одржување на мотивацијата. Тоа е од суштинско значење дека работата има мали, но остварливи успеси и достигнувања и за нив се свесни сите.

–Комуникацијата помеѓу членовите на тимот е партнерска, со почитување на мислењата и предлозите на сите во тимот и тие можат да бидат различни, бидејќи однесувањето на детето не се случува во ист социјален контекст или време. Ова е особено важно кога детето доаѓа од културно и социјално депримирани средини.

– Главната цел/приоритет е секогаш најдобриот интерес на детето (учење, развој, мотивација, чувство на успех, прифаќање од своите врсници) и треба да биде единствен критериум за валидноста на мерките и целите (членовите на тимот може да имаат различни идеи за тоа што е најдобро за детето, различни стимули што даваат резултати).

## СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА И НАПРЕДОКОТ НА ДЕТЕТО

Воспитувачот при планирање на активностите треба да има сознанија за степенот на постигањата и напредокот на децата во раното учење и развој за што е потребно континуирано нивно следење и набљудување.

Следењето на постигањата и напредокот кај децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој воспитувачот треба да го прави со инструменти за проценка, направени според развојниот период на детето врз основа на стандардите за рано учење и развој, со што ќе го следи прогресот на детето кон достигнување на стандардот и ќе има увид во напредокот на развојот кај детето. Тоа би бил добар показател при изборот на стратегии и активности кои воспитувачот ќе може да ги примени во непосредната воспитно-образовна работа со детето во процесот на учење.

Следењето на постигањата и напредувањето на детето во текот на годината се врши преку докази кои се содржани во неговото досие и тоа: листи за постигањата; анегдотски белешки; студии на случај; фотографии на детето од различни активности; видео и аудио записи; протокол на набљудување; евалвациски листи, изработени од страна на воспитувачот и стручните работници.

Воспитувачот континуирано треба да води досие за секое дете индивидуално и во координација со стручниот тим се донесуваат одлуки за понатамошно планирање на воспитно-образовниот процес за детето со пречки во развојот. Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, при следењето на постигањата и напредувањето на детето, тоа не треба да се споредува со другите деца од групата, туку да се следи неговото индивидуално темпо на развој и постигања. Досието со прочистени и селектирани податоци продолжува да се води и наредната година, во групата во која ќе премине детето.

Со запишувањето на детето во основно училиште досието се предава во училиштето.

Прилог 2/8. ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ ИВОП

## ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ ИВОП

### Кој изработува ИВОП?

Тимот за изработка на ИВОП за дете го сочинуваат:

- воспитувачот одговорен за воспитната група во кој е опфатено детето за кое се изготвува ИВОП;
- стручен работник во ДГ/ЦРДР;
- родител на детето;
- надворешно стручно лице (по потреба).

### Процедури за изработка на ИВОП

- Воспитувачот во тесна соработка со ИТДГ/ЦРДР ги прибира потребните податоци и информации за детето, ја анализира ситуацијата и се пристапува кон изготвување на досие за детето.
- Се проценуваат потребите за поддршка и приоритетните аспекти на развојот/домени за кои е потребно да се изработи ИВОП. Се работи тимски, на работна средба на членовите на ИТДГ/ЦРДР.

  ИТДГ/ЦРДР донесува одлука за изработка на ИВОП. Директорот на ДГ/ЦРДР формира ИТД кој изработува ИВОП за детето.
- ИТДГ/ЦРДР по донесената одлука за прифаќање на предлогот на директорот на ДГ/ЦРДР, предлага членови на тимот за давање помош и дополнителна поддршка на детето.
- Директорот на ДГ/ЦРДР, по добиената писмена согласност на родителот, односно старателот, формира тим за давање дополнителна поддршка на детето.
- Родителот потпишува согласност за изработка на ИВОП.
- Членови на ИТД разработуваат стратегии за поддршка и детален план на активности за одделни подрачја.
- Инклузивниот тим за дете изработува ИВОП.
- Родителот, односно старателот, дава согласност за спроведување на ИВОП.
- ИТДГ/ЦРДР го доставува изработениот ИВОП на усвојување до Стручниот совет на ДГ/ЦРДР.

### Евалуација на ИВОП

Евалуацијата (вреднувањето) на ИВОП го сочинуваат следните техники:

- Проценка на степенот на постигнување (очекувани резултати од учењето и стандарди за ран детски развој) што се дефинирани во рамките на планот за активности во ИВОП.
- Членови на ИТД заеднички проценуваат колку детето ги усвоило очекуваните резултати од учењето и стандарди за ран детски развој).
- Проценка на степенот на делотворност на одделните видови прилагодувања предвидени со ИВОП и применувани во текот на воспитно-образовниот процес.
- Членови на ИТД заеднички го проценуваат степенот на делотворност на одделните применувани стратегии. Се проценува успешноста во:
    - прилагодување на целите, содржините, методите, формите, средствата, очекуваните резултати;
    - прилагодување на просторот/условите во кои се одвива учењето (отстранување физички бариери, специфична организација и распоред на активностите);
    - прилагодување на содржините на учење и стандардите за ран детски развој.

Прилог 2/9. ЛИСТ ЗА ОПСЕРВАЦИЈА НА ДЕТЕ

**ЛИСТ ЗА ОПСЕРВАЦИЈА НА ДЕТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ДНЕВНА АКТИВНОСТ**

| | |
|---|---|
| Име и презиме на детето | |
| Датум на опсервација | |
| Воспитувач | |
| Дали за детето е предвидено планирање на диференцирани цели? | |
| Дали за детето се планирани посебни активности? | |
| Како е планирано времето за реализација на активностите? | |
| Однос на детето со воспитувачот и воспитувачот со детето. | |
| Односот на детето кон:<br>• задачите/активностите што ги добива,<br>• другите деца,<br>• дидактичкиот материјал. | |
| Положба на телото, начинот на седење, умешноста... | |
| Односот на другите деца кон детето кое се опсервира. | |

Стручен работник:

Прилог 2/10. ДОЛГОРОЧЕН И СРЕДНОРОЧЕН ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО - ОБРАЗОВЕН ПЛАН

## ДОЛГОРОЧЕН ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

Име и презиме: ________________________________________, датум на раѓање: _______________, воспитна група: __________

Воспитувач : _________________________________, датум: _____________, помош од родителите/старателите: ______________________

| Аспекти на развојот/Домени | Воспитно-образовни содржини | Цели | Стратегии/дидактички материјали | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

## СРЕДНОРОЧЕН ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

Име и презиме: _______________________________________, датум на раѓање: _______________, воспитна група: ___________

воспитувач: _______________________________________, датум: _______________

подрачје__________________________________

| Воспитно-образовна содржина | Цели | Очекувани резултати |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

Продолжува на следната страница

Прилог 2/11-а. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

## ПЛАН ЗА РАБОТА ПО СОДРЖИНИ

| Воспитно-образовна содржина | Дете: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дали треба да се прилагоди пристапот | | | Промени | | |
| | Простор и услови | Активности и методи | Средства | Дополнителни мерки за поддршка | Измени во програмата за ран детски развој | Начин на вреднување на постигањата |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Продолжува на следната страница

Прилог 2/11-б. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

## ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

| ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДЕТЕТО (ПРОФИЛ НА ДЕТЕ) | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Датум на раѓање | |
| Место и адреса на живеење | |
| Име и презиме на родителот/старателот | |
| Место и адреса на живеење на родителот/старателот (доколку не е иста) | |
| Развоен период и<br>воспитна група | |
| Медицински наоди/документација | |
| ОПИС НА СЕГАШНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕТЕТО | |
| Развоен статус во целина (моменталните можности и функционалности на детето) | |
| Развојно-когнитивен статус | |
| Мотивациски статус | |
| Физички статус | |
| Емоционален статус | |
| Социјален статус | |
| ТЕКОВНО НИВО НА ПОСТИГНУВАЊЕ ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ | |
| Важни информации за претходното згрижување и образование, мерките на индивидуализација, рехабилитација и сл. | |
| Приоритетни подрачја во кои детето има потреба од поддршка (подрачје во кое детето има побавен развој). | |

| | |
|---|---|
| Следење на напредокот на детето, преглед и ревидирање на ИВОП. | |
| Извештај за напредокот (во кој се евидентираат постигнатите резултати од учењето, начинот на кој ќе се известува за постигнувањето на детето, временскиот период во  кој ќе се изготви извештајот и фреквенцијата на известување). | |
| Кој врши увид на ИВОП врз основа на согласност на родителот/старателот? | |
| Имиња и работни позиции на членовите на тимот за изработка и реализација на ИВОП. | |
| Координатор/и на тимот за додатна поддршка на детето. | |
| Согласност на родителот/старателот за спроведување на ИВОП<br>(потпис и датум). | |
| Согласност на родителот/старателот за престанок на спроведувањето на ИВОП<br>(потпис и датум). | |

Продолжува на следната страница

**Прилог 2/11-в. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН**

**___________ година**

| **Идентификациски информации** | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме на детето | |
| Датум на раѓање | |
| Место на раѓање | |
| Развоен период и воспитна група | |
| Одговорен воспитувач | |

**ИНИЦИЈАЛНА СОСТОЈБА**

| **Јаки страни и интересирања на детето** | **Потреби за поддршка** |
|---|---|
| 1. Учење и како учи | |
| | |
| 2. Социјални вештини | |
| | |
| 3. Комуникациски вештини | |
| | . |

| 4. Самостојност и грижа за себе | |
|---|---|
| | |
| 5. Влијание на надворешното опкружување врз учењето | |
| | |

| **Аспекти на развој/домени по кои ќе се работи со диференцирани цели** (1.Здравје и моторички развој, 2.Социоемоционален развој, 3.Јазик, комуникација и развој на писменоста и 4.Когнитивен развој и стекнување на општи знаења). |
|---|
| |
| **Активности по аспекти на развојот/домени по кои ќе се работи со диференциран пристап** |
| |

| **Стратегии на прилагодување** |
|---|
| 1. Приспособување на просторот и условите за работа |

| |
|---|
| |
| 2. Приспособувања на средствата и методско-дидактичките помагала |
| |
| 3. Прилагодување  на методи/активности, формите и техниките на работа |
| |
| 4. Следење на постигањата |
| |
| 5. Прилагодувања во однос на содржините, целите и стандардите за ран детски развој |
| |

| |
|---|
| |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Воспитувач:** | | |
| | | |
| **Време на реализација:** | | |
| **ДИФЕРЕНЦИРАНИ ЦЕЛИ** | **ДИФЕРЕНЦИРАНИ СТРАТЕГИИ** | **СТАНДАРДИ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ** |
| | | |

| **ЕВАЛУАЦИЈА** |
|---|
| ПЕРИОД НА ЕВАЛУАЦИЈА: |
| ПОСТИГНАТИ ЦЕЛИ: |
| |
| НЕРЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ: |
| |
| ПРЕПОРАКИ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД: |
| |

Членови на инклузивниот тим за дете:

1.____________________________________

2.____________________________________

3.____________________________________

4.____________________________________

5.____________________________________

Прилог 2/11-г. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ОБРАЗОВЕН ПЛАН

<table>
<tr><td colspan="3" rowspan="2">ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН</td><td>Профил на детето</td><td>Објаснување на полињата:</td></tr>
<tr><td>Предиспозиции/интереси:<br>(внеси тука)</td><td rowspan="4">Тука се сместени информациите што кажуваат за кое дете се работи.</td></tr>
<tr><td>Име и презиме на детето</td><td colspan="2"></td><td>Омилено подрачје:<br>(внеси тука)</td></tr>
<tr><td>Датум на раѓање/<br>Развоен период</td><td></td><td></td><td rowspan="2">Сака.../му се допаѓа...:<br>(внеси тука)</td></tr>
<tr><td>Воспитна група</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="6">Членови на тимот:</td><td rowspan="6">Јас ќе... навратете се тука кога ќе бидат поставени новите цели на ИВОП за да напишете кој, што и како во однос на нив.<br>Активности, согласности, одговорности... тимот се согласува како ќе направи ова да успее; ќе се согласи на заедничко планирање, постигнати резултати, ревизија – кога, кој, каде. Кој што ќе прави?<br>Како и кога? Како ќе се</td></tr>
<tr><td>Јас сум ...</td><td>Име и презиме</td><td>Име и презиме</td><td>Име и презиме</td><td>Име и презиме</td><td>Име и презиме</td></tr>
<tr><td>Мојата улога е ...</td><td>Одговорен воспитувач</td><td>Стручен работник</td><td>Родител</td><td>Внатрешен/надворешен соработник</td><td>Дете</td></tr>
<tr><td>Јас ќе ...</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Присуство</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Активности,<br>согласности,<br>Компетенциите и одговорностите</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | комуницира? Како ќе се информираат заемно? |

| Датум на средба: | Датум на ревизија: | Забелешка: | Забелешката е за кое било поле. |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Поглед назад/рефлексија | | | | Тука се внесуваат искуствата на сите членови на тимот од сите аспекти на функционирањето на детето.<br>Ако ова е прв ИВОП за детето, тогаш се земаат моменталните постигања. |
|---|---|---|---|---|
| **За сегашното постигнување** | | | | |
| **Кои беа образовните успеси?**<br>(внеси тука) | | **Кои беа образовните предизвици?**<br>(внеси тука) | | |
| **Цели** | **Успешност** | **Коментар** | **Акција** | Се мисли на целите од претходните ИВОП-и на ниво на тим. Да се наведат и да се оцени успешноста. Во полето **Акција** да се внесе што било преземено понатаму. |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

| Поглед напред/идни планови | | **Визија/желби/ надежи**<br>Што да планираме во иднина? Дали треба да се воведат промени? Во однос на детето? Во однос на тимот?<br>**Образовни приоритети на тимот** |
|---|---|---|
| **Визија/желби/надежи:**<br>(внеси тука) | **Образовни приоритети на тимот:**<br>(внеси тука) | |

| | | |
|---|---|---|
| | | Кои се главните подрачја на учење што сакаме да ги развиваме? Во однос на семејство, тим? |

| Воспитно-образовна програма за шестмесечен | | | | | Конкретните цели се издвојуваат од општите цели од Програмата за ран детски развој. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје/воспитно-образовни содржини** | **Конкретни цели** | **Активности** | **Диференцијација/адаптација** | **Стандарди/резултати од учење** | |
| | | | | | Се наведуваат планираните активности. |
| | | | | | |
| | | | | | Диференцијација/адаптација – што и како од оригиналната цел? |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | Се наведуваат стандарди за ран детски развој и очекувани резултати. |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| **Нови цели:** (внеси тука) | **Стандарди за ран детски развој:** (внеси тука) | **Клучни стратегии за учење:** (внеси тука) | Се внесуваат целите што водат до постигнување на поставените цели. Се внесуваат очекуваните резултати, земајќи ја предвид евентуалната диференцијација и адаптација. Со кои стратегии и |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | учење би работеле на постигнување на целите. |

Прилог 2/11-д. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

<table>
<tr><td colspan="6">Индивидуален воспитно-образовен план</td></tr>
<tr><td colspan="3">Подрачје:</td><td colspan="3">Воспитувач:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Име и презиме на детето:</td><td colspan="2">Датум на почеток:</td><td colspan="2">Датум на проверка на постигнатоста на целите:</td></tr>
<tr><td colspan="6">Што знае детето и што може да направи:</td></tr>
<tr><td>Цели:<br>(Содржина)</td><td>Како?<br>(Стратегии и форми на работа)</td><td>Кој?</td><td>Колку често?<br>(Време)</td><td>Потребни ресурси:</td><td>Што постигнало детето?<br>(Продукти)</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум на согласност:</td><td colspan="2">Потпис на родител/старател:</td><td colspan="2">Потпис на стручно лице:</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="3">Рефлексија за реализацијата на ИВОП:</td></tr>
<tr><td>Датум на согласност:</td><td>Потпис на родител/старател:</td><td>Потпис на стручно лице:</td></tr>
</table>

Прилог 2/11-ѓ. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

## ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

Дете: ____________________________, датум на раѓање: _____________, воспитна група: _____________, воспитувач ______________________________, датум на почеток на ИВОП:___________, следна ревизија на ИВОП:___________

**Јаки страни на детето** во поглед на когнитивните способности, вештините, мотивацијата, самостојноста, однесувањето, комуникацијата, социјализацијата, начинот на учење.

| |
|---|
| |

**Слаби страни на детето** во поглед на когнитивните способности, вештините, мотивацијата, самостојноста, однесувањето, комуникацијата, социјализација, начинот на учење.

| |
|---|
| |

**Визија за детето** (долгорочни цели).

| |
|---|
| |

**Типови на адаптација, модификација на воспитно-образовната содржина.**

Подрачја за кои нема да има промени на воспитно-образовната содржина.

Подрачја за кои ќе се прават мали прилагодувања (различно претставување, физички измени на изгледот на содржината, но без значителни скратувања).

Подрачја за кои ќе се прават поголеми прилагодувања (преформулирање и алтернативен приказ на комплексни концепти и процеси, издвојување и фокусирање на поважни делови од воспитно-образовната содржина).

Подрачја за кои ќе се изготви значително скратена програма (која на наједноставен начин ќе ги покрие основните воспитно-образовни содржини и цели на темата).

**Воспитно-образовни методи што ќе се користат** (диференцијација на методите, темпо, ритам).

| |
|---|
| |

**На кој начин ќе бидат вреднувани постигнувањата на детето (докази во досието: листи за постигнувања, анегдотски белешки, студии на случај, видео и аудио записи, протоколи за набљудување, евалвациски листи и др.)**

| |
|---|
| (Начинот треба да е во согласност со стандардите за рано учење и развој и во согласност со очекуваните резултати, предвидени во програмата за ран детски развој, со примена на инструментите за проценка изработени за секој развоен период, одделно) |

**Индивидуални цели за детето и план за нивно остварување** (во контекст на самостојност, учење по пат на откривање, стекнување работна навика, разбирање и усвојување на нови концепти итн., а во рамки полугодие – овој лист може да се реплицира).

| |
|---|
| Цел: |

| |
|---|
| Како ќе се работи на нејзино остварување: |

Цел:

Како ќе се работи на нејзино остварување:

**Дали е потребно адаптирање на времето на програмските активности**: скратување, дополнување или повлекување од некои активности? Ако е да, од кои, колку време и со која фреквенција?

**Вклучени лица** во воспитно-образовниот процес и поддршка на детето (стручен тим, образовен/личен асистент, итн.).

**Учество на родителите/старателите** во процесот на поддршка (на пример помош при домашни задачи/активности)?

**За родителот/старателот:**

☐ Се согласувам со вака изработениот ИВОП

☐ Се согласувам со планот, но мислам дека треба да се додадат/одземат/изменат следните работи:

| |
|---|
| |

Потпис од родител/старател: ____________________Датум: ________________

Потпис од воспитувач: _________________________Датум: ________________

Потпис од координатор на ИТД: _________________Датум: ________________

Потпис од  директор: ___________________________Датум: ________________

Прилог 2/11-е. ФОРМАТ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ ВОСПИТНО- ОБРАЗОВЕН ПЛАН

## ИНДИВИДУАЛЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПЛАН

Име на ДЕТЕТО: ___________________________________________________

Датум на раѓање:_____________________

Развоен период и воспитна група: ____________________

ДГ/ЦРДР: _________________________________________________

Воспитувач/одговорен за воспитна група:____________________________

Датум на прв состанок за развивање на ИВОП: _________________________

Учесници во процесот:

| ПОЗИЦИЈА/ФУНКЦИЈА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

1. **Моментално ниво на функционирање (опис на когнитивни функции, однесување за време на активност, говор, емоции, разбирање на налози, т.е. перцепција, учење, помнење).**

2. **Јаки страни.**

3. **Слаби страни/области каде што најмногу му е потребна поддршка.**

4. **Моментална состојба на академско ниво по аспекти на развој/домени.**

5. **Годишни цели специфични за детето**.

6. **Преглед на програмите за ран детски развој и услугите/поддршките што ќе бидат вклучени:**

| ПРЕПОРАЧАНА ПОДДРШКА | ШТО ЌЕ БИДЕ ЦЕЛТА НА ПОДДРШКАТА |
|---|---|
| Специјален едукатор и рехабилитатор | |
| Логопед | |
| Физикална терапија | |
| Психолог | |
| Компјутерска технологија | |
| Друго | |
| | |

- Неопходни модификации, адаптации, помагала, вклучително и начин на вреднување.
- Предлог-мерки што ќе се преземат во тековниот период.
- Термин за нареден состанок.

Потпис на родителот:

Потпис на учесниците:

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

Прилог 2/12. РЕВИЗИЈА НА ИВОП

**РЕВИЗИЈА НА ИВОП**

Докази за постигнати/остварени резултати:

Докази дека не се постигнати планираните цели:

Ревидирани цели:

Ревидирани стратегии:

Учесници:

**Подрачје 3. Поддршка на воспитно-образовната работа и раното учење и развојот на децата**

Инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој (ИТДГ/ИТЦРДР) е составен од воспитувачи, стручни работници и стручни соработници што имаат стекнато практично искуство за социјална и образовна инклузија во раното учење и развојот на децата, што им овозможува да обезбедат поддршка на другите воспитувачи за реализација на воспитно-образовната работа според програмата за рано учење и развој базирана врз Стандарди за рано учење и развој, насочена кон целосно постигнување на развојните потенцијали на секое дете, вклучувајќи ги и децата со попреченост.

**3.1. Поддршка на воспитно-образовната работа и раното учење и развојот на децата**

Членовите на ИТГ/ИТЦРДР се залагаат реализацијата на воспитно-образовната работа да е во согласност со развојните капацитети на децата од предучилишна возраст, знаењата што ги имаат за децата во однос на нивните индивидуални потреби, интереси, искуства, како и во однос на групата во целина, што ќе им овозможи активно учество на сите деца, а посебно на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој преку:

- креирање на атмосфера на меѓусебна доверба и сигурност,
- користење на соодветни форми за работа со децата индивидуално, во мали групи или со целата воспитна група,
- користење на соодветни средства и материјали приспособени на децата, вклучувајќи и асистивна технологија,
- користење на соодветни стратегии за поддржување на детската љубопитност и поддржување на раното учење и развојот што ќе одговараат на индивидуалните или групните потреби на децата, вклучувајќи ги и децата со попреченост,
- диференцирани приоди во задавањето на активности во градинката/центарот за ран детски развој,
- начини на комуникација приспособени на индивидуалните карактеристики и потреби на децата и без дискриминација по која било основа,
- воспоставување партнерски однос со родителите.

1. **Протокол за поддршка на реализација на воспитно-образовниот процес**

1.1. Инклузивен тим на ДГ/ЦРДР го информира стручниот совет и другите воспитувачи за видовите на поддршка што може да им ги даде и начините како ќе ја обезбеди поддршката (на пр. индивидуални и групни консултации, совет на воспитувачи, обука, потоа определуваат редовни или повремени термини за средби, начини за електронска комуникација и размена на материјали и сл.).

1.2. Член на ИТДГ/ИТЦРДР учествува во работата на стручниот совет на кои се разгледуваат/усвојуваат обрасци за следење на реализацијата на воспитно-образовните активности и се залага во нив да бидат содржани индикатори за инклузивност,

вклучувајќи и индикатори за квалитетот на воспитно-образовните активности за децата што работат според ИВОП (прилози 3/1, 3/2, 3/3).

1.3. Членови на инклузивен тим на ДГ/ЦРДР, по потреба (на барање на воспитувачот, по препорака на директорот), се вклучуваат во непосредно следење на инклузивноста на воспитно-образовните активности, или во користење на одделни инклузивни приоди.

1.4. Инклузивен тим на ДГ/ЦРДР треба да биде информиран за состојбата со инклузивноста во воспитно-образовната работа и да биде вклучен во предлагањето на активности за подобрување.

1.5. Инклузивниот тим на ДГ/ЦРДР на различни начини, промовира добра инклузивна практика (нагледни воспитно-образовни активности, блог, веб - страница, информативни флаери, промотивни настани и сл.).

1.6. За воспитувачите што имаат потреба од професионален развој за реализација на инклузивни приоди во воспитно - образовната работа (диференцијација, индивидуализација, инклузија на деца со различна етничка припадност, маргинализирани деца...) инклузивниот тим во соработка со членовите на професионалната заедница за учење, организира поддршка во вид на консултативни средби – лични или на ниво на активи, работилници, посочување помошна литература и слично.

**2. Протокол за обезбедување стимулирачка средина за рано учење и развој**

2.1. Членови на инклузивниот тим учествуваат во комисии за избор на прирачници како воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар, детски списанија кои се во функција на истите активности, мебелот, играчките, дидактичките средства и материјали, уредување на внатрешниот и надворешниот простор на ДГ/ЦРДР и водат грижа тие да се соодветни за инклузивно образование.

2.2. ИТДГ/ИТЦРДР ги поттикнува воспитувачите во изложбениот центар при изложувањето на трудовите на децата да му овозможат на секое дете да учествува во изборот и изложувањето на своите трудови.

2.3. Инклузивниот тим промовира и поттикнува примени на стратегии и техники за социо-емоционален развој на децата со цел обезбедување на стимулирачка средина за рано учење и развој.

2.4. Инклузивниот тим промовира и поттикнува користење асистивна технологија.

### 3.2. Поддршка на учењето и развојот

Во основа сите воспитно-образовни активности имаат за цел да се поддржи учењето на децата, сфатено во најширока смисла (когнитивно, социјално, емоционално). Суштината на предучилишното инклузивно воспитание и образование е давање континуирана помош и поддршка на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој за да напредуваат оптимално.

**1.Протокол за излегување во пресрет на различните потреби на децата во воспитно-образовната работа**

1.1. Врз основа на самопроценката на воспитувачите, извештаите од посетата на воспитно-образовните активности на стручните работници и констатациите за

инклузивната практика, инклузивен тим на ДГ/ЦРДР му дава поддршка на воспитувачот од областа социјална и образовна инклузија (прилози 3/4, 3/5, 3/6).

− Воспитувач кој во воспитната група има дете со попреченост се консултира со ИТДГ/ИТЦРДР како подобро да се излезе во пресрет на идентификуваните развојни и воспитно-образовни потреби на децата и како да се надминат пречките во процесот на развојот и учењето на секое дете, а планирањето и реализацијата на стратегиите и активностите ги изведува самостојно.

− ИТДГ/ИТЦРДР им помагаат на воспитувачите, кои ќе побараат соодветна поддршка, во планирање на стратегиите за инклузивна воспитно-образовна работа. Конкретните воспитно-образовни активности ги планира и ги реализира воспитувачот.

− За воспитувачите почетници инклузивниот тим организира работилници, обуки, предавања и обезбедува литература. На воспитувачот му нуди стратегии и активности кои тој треба да ги користи во работата со децата со попреченост. Заедно со воспитувачите кои имаат стекнато практично искуство за социјална и образовна инклузија, организира реализација на нагледни воспитно-образовни активности на кои е задолжително присуството на воспитувачот почетник.

1.2. Инклузивниот тим составува збирка од: стручни материјали и примери на добри инклузивни практики, што е достапна за секој воспитувач (различни стратегии, методи и техники, материјали за поучување за секаков вид на предизвик во занималната, од практиката во градинката/центарот за ран детски развој и од други извори). Збирката е достапна за секој воспитувач (прилози 3/7-3/10).

**2. Протокол за следење на постигнувањата и напредокот на децата**

2.1. Политика на детската градинка/центарот за ран детски развој за следење на постигнувањата и напредокот на децата.

- Инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој се залага за креирање политика на детската градинка/центарот за ран детски развој за следење која:
- Промовира следење на постигањата и напредокот на децата што го поттикнува секое дете за максимални постигања во однос на различни развојни домени, согласно неговите можности;
- Содржи определби за следење и проценка на постигнувањата и напредокот на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, вклучително и за деца коишто ја следат реализацијата на програмата за рано учење и развој според ИВОП.

2.2. **Методи и форми на следење на постигнувањата и напредокот на децата**

Инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој се залага за формативно следење и проценка на постигањата и напредокот на децата при што:

- Воспитувачите континуирано го следат и набљудуваат напредокот на децата што им овозможува навремено да го идентификуваат напредокот и евентуалните тешкотии во учењето и развојот и да преземат соодветни мерки;
- Се користат инструменти за процена, направени според развојниот период на детето врз основа на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години;

- Следењето на постигнувањата и напредувањето на детето во текот на годината се врши преку доказите во досието на детето (листи за постигнувања, анегдотски белешки, студии на случај, фотографии на децата од различни активности, видео и аудио записи, протокол на набљудување, евалуациски листи изработени од страна на воспитувачот и сл.) и му овозможува на секое дете на најдобар начин да ги искаже своите достигнувања;
- Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, при следењето на постигањата и напредувањето на детето важно е тоа да не се споредува со другите деца од групата, туку да се следи неговото индивидуално темпо на развој и постигања. Досието на детето се води од моментот на запишување на детето во ДГ/ЦРДР и со прочистени и селектирани податоци продолжува да се води и наредната година, во групата во која ќе премине детето. Со запишувањето на детето во основно училиште, досието на детето се предава во училиштето. Досието на детето во текот на целата година им е достапно на родителите на децата, стручните работници и членовите ИТД за да можат и тие да дадат свој придонес во развојот и напредувањето на детето.

## ПРИМЕРИ НА ИНСТРУМЕНТИ И МОДЕЛИ НА ДОКУМЕНТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО 3

### Прилог 3/1 ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО РАМКИ НА ГРУПИТЕ

Организацијата на дневните активности на децата од најрана предучилишна возраст (до 18 месеци)

| Целодневен престој | | Продолжен престој | |
|---|---|---|---|
| Активности | Време | Активности | Време |
| - прием на децата и слободни активности | до 8:15 ч. | - прием на децата и слободни активности | до 13:30 ч. |
| - подготовка за појадок и појадок | 8:15 ч. | - ручек | 14:00 ч. |
| - реализација на дневното планирање | 9:00 ч. | - реализација на дневното планирање | 15:00 ч. |
| - ужинка | 10:00 ч. | - ужинка | 15:30 ч. |
| - тоалет и подготовки за спиење | 10:20 ч. | - тоалет и нега на детето | 16.00 ч. |
| - пасивен одмор – спиење | 10:50 ч. | - пасивен одмор - спиење | 18:00 ч. |
| - тоалет и подготовки за ручек | 12:50 ч. | -тоалет и нега на децата | 18:15 ч. |
| - ручек | 13:10 ч. | - подготовка за вечера и вечера | 18:45 ч. |
| - миење раце и тоалет | 13:40 ч. | - пасивен одмор - спиење | 21:00 ч. |
| - слободни игри и престој на воздух | 14:00 ч. | -тоалет и нега на децата | 21:00 ч. |
| - ужинка | 15:00 ч. | -слободни активности | 21:45 ч. |
| - реализација на дневното планирање | 15:30 ч. | - заминување на децата | до 22:00 ч. |
| | | | |
| - слободни игри | 16:00 ч. | | |
| - заминување на децата | до 18:00 ч. | | |

Организацијата на дневните активности на децата од најрана предучилишна возраст (над 18 до 24 месеци)

| Активности | Време | Активности | Време |
|---|---|---|---|
| - прием на децата и слободни активности | до 8:15 ч. | - прием на децата и слободни активности | до 13:30 ч. |
| - подготовка за ојадок и ојадок | 8:15 ч. | - тоалет и подготовки за ручек | 14:00 ч. |
| - реализација на дневното планирање | 9:00 ч. | - ручек | 14:30 ч. |
| - ужинка | 10:00 ч. | - реализација на дневното планирање | 15:30 ч. |
| - слободни игри и престој на свеж воздух | 10:30 ч. | - ужинка | 16:00 ч. |
| - тоалет, подготовки за ручек | 11:30 ч. | - пасивен одмор - спиење | 18:00 ч. |
| - ручек | 12:00 ч. | - подготовка за вечера и вечера | 18:30 ч. |
| -пасивен одмор - спиење | 12:45 ч. | -слободни игри и престој на свеж воздух | 19:30 ч. |
| - ужинка | 14:45 ч. | -слободни активности | 21:00 ч. |
| -реализација на дневното планирање | 15:10 ч. | -средување на центрите за учење | 21:30 ч. |
| -слободни игри | 15:30 ч. | - заминување на децата | до 22:00 ч. |
| - заминување на децата | до 18:00 ч. | | |

Организацијата на дневните активности на децата од постара предучилишна возраст (над две до четири години)

| Целодневен престој | | Продолжен престој | |
|---|---|---|---|
| Активности | Време | Активности | Време |
| -прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8:15 ч. | - прием на децата и слободни активности | до 13:30 ч. |
| -утринска гимнастика | 8:15 ч. | - тоалет и подготовки за ручек | 14:00 ч. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -појадок | 8:30 ч. | - ручек | 14:30 ч. |
| -реализација на дневното планирање | 9:00 ч. | - реализација на дневното планирање | 15:30 ч. |
| -ужинка | 10:00 ч. | - ужинка | 16:00 ч. |
| -реализација на дневното планирање | 10:30 ч. | - пасивен одмор -спиење | 18:00 ч. |
| -прошетки, набљудувања и престој на свеж воздух | 11:00 ч. | - подготовка за вечера и вечера | 18:30 ч. |
| -ручек | 12:15 ч. | -слободни игри и престој на свеж воздух | 18:45 ч. |
| -пасивен одмор- спиење | 12:45 ч. | -средување на центрите за учење | 21:30 ч. |
| -ужинка | 14:45 ч. | -заминување на децата | до 22:00 ч. |
| -реализација на дневното планирање | 15:15 ч. | | |
| -слободни игри | 16:30 ч. | | |
| -средување на центрите за учење | 17:30 ч. | | |
| -заминување на децата | до 18:00 ч. | | |

Организацијата на дневните активности на децата од постара предучилишна возраст (над четири до шест години)

| Целодневен престој | | Продолжен престој | |
|---|---|---|---|
| Активности | Време | Активности | Време |
| -прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8:15 ч. | - прием на децата и слободни активности | до 13:00 ч. |
| -утринска гимнастика | 8:15 ч. | -реализација на факултативни програми (програми по избор на родителите, децата, пр. јазик, балет) | 13:30 ч. |
| -појадок | 8:30 ч. | - тоалет и подготовки за ручек | 14:00 ч. |
| -реализација на дневното планирање | 9:00 ч. | - ручек | 14:30 ч. |
| -ужинка | 10:00 ч. | - реализација на дневното планирање | 15:30 ч. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -реализација на дневното планирање | 10:30 ч. | - ужинка | 16:00 ч. |
| -прошетки, набљудување и престој на воздух | 11:15 ч. | - пасивен одмор - спиење | 16:15 ч. |
| -средување на центрите за учење | 12:00 ч. | - подготовка за вечера и вечера | 18:45 ч. |
| -ручек | 12:15 ч. | -слободни игри и престој на свеж воздух | 21:00 ч. |
| -пасивен одмор-спиење | 12:45 ч. | -средување на занималната | 21:30 ч. |
| -ужинка | 14:30 ч. | -заминување на децата | до 22:00 ч. |
| -реализација на факултативни програми (програми по избор на родителите, децата, пр. јазик, балет) | 15:00 ч. | | |
| -реализација на дневното планирање | 15:30 ч. | | |
| -слободни игри | 16:45 ч. | | |
| -средување на центрите за учење | 17:30 ч. | | |
| -заминување на децата | до 18:00 ч. | | |

Организацијата на дневните активности на децата над три до шест години опфатени во полудневен престој

| Полудневен престој | |
|---|---|
| Активности | Време |
| - прием на децата и слободни активности | до 7:30 ч. |
| - утринска гимнастика | 7:45 ч. |
| - реализација на дневното планирање | 10:00 ч. |
| -ужинка | 10:30 ч. |
| - реализација на дневното планирање | 11:00 ч. |
| - прошетки, набљудување и престој на воздух | 11:45 ч. |
| -средување на центрите за учење | 12 ч. |

Организацијата на дневните активности на децата над три до шест години опфатени со скратени програми во центрите за ран детски развој

| Скратени програми | |
|---|---|
| Активности | Време |
| - прием на децата | до 8:00 ч. |
| - утринска гимнастика | 8:00-8:45 ч. |
| - реализација на дневното планирање | 8:45-10:45 ч. |
| -средување на центрите за учење | 10:45-11:00 ч. |

Прилог 3/2. ВОВЕДУВАЊЕ НА ДНЕВНИ РУТИНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ, СОГЛАСНО РАМКАТА ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И КУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ДНЕВНИ РУТИНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ, СОГЛАСНО РАМКАТА ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И КУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ

- утринско поздравување
- растегнување (утринска гимнастика)
- утрински круг на доверба
- благодарност/водење дневник
- фокусирање (смирување на умот)
- воспитно-образовна активност/активности во центрите за активност
- вежби за самосвест
- тапкање/самосакање
- игри/вежби/танц
- стомачно дишење/одмор
- попладневен круг на доверба
- поздравување при заминување

Прилог 3/3. ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

## ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕТО НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Воспитувач: __________________________________________, датум: ____________

Дневна тема: ___________________, број на присутни деца: ___________________

Набљудувач(и): __________________________________________________________

*Цел на набљудувањето:*

- да се добие увид во инклузивноста на воспитно-образовните активности,
- да се соберат податоци што може да послужат за донесување одлука во врска со професионалното усовршување на воспитувачот,
- да се подобри ефикасноста на воспитно-образовната работа во градинката/центарот за ран детски развој.

**Инструкции за набљудувачот***:* Обрнете внимание на секоја од наведените точки и доделете ги највисоките оценки само за исклучително ефективна изведба, која може да послужи како модел/добар пример. **Со сиво се означени ставките што особено се релевантни за инклузивноста и ним треба да им се посвето посебно внимание.**

- Точките 14 и 15 се оставени празни за да може да се додадат ставки за набљудување што се воочени, но во инструментот не се експлицитно назначени.
- Набљудувачот треба да остане во занималната за време на реализацијата на воспитно-образовни активности предвидени со дневниот оперативен план.
- Се препорачува набљудувачот со воспитувачот да имаат средба во врска со набљудувањето пред и по набљудуваните воспитно-образовните активности.

**Легенда на проценката:**

| Највисока | | Задоволително | | Најниска | Не е применливо |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | X |

1. Ги кажува/најавува/договара воспитно-образовните активности и целите што се реализираат во текот на денот.

2. На децата со попреченост дополнително им ги кажува/објаснува воспитно-образовните активности и целите.

3. Ефикасно ги организира воспитно-образовните активности во насока за исполнување на планираните цели.

4. Користи методи на воспитно-образовна работа за поттикнување на соодветно учество на повеќе од 2/3 од сите деца во процесот на учење.

5. Користи специфични методи на воспитно-образовна работа за поттикнување на соодветно учество на децата со попреченост во процесот на учење.

6. Ефективно го користи времето за воспитно-образовни активности.

7. Покажува и пренесува ентузијазам за воспитно-образовните содржини.

8. Комуницира јасно и соодветно на разбирањето на повеќе од 2/3 од децата.

9. Со децата со попреченост комуницира јасно и соодветно на нивното разбирање.

10. Важните идеи ги објаснува едноставно и јасно.

11. Реагира соодветно на прашањата и коментарите на децата, вклучувајќи ги и децата со попреченост.

12. Поттикнува љубопитност и креативно изразување.

Кои конкретни предлози би ги дале во врска со подобрувањето на воспитно-образовната работа?

Дали имавте средба пред посетата? _________ По посетата? ____________

Други забелешки:

Прилог 3/4. АЛАТКА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ДНЕВНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПРИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Воспитувач: __________________________________________, датум: ___________

Дневна активност: __________________,број на присутни деца: ___________

Набљудувач(и): _________________________________________________________

**Напомена: Со сиво се означени активностите што се особено важни за работа со деца со попреченост.**

**Организација на воспитно-образовните активности**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дали беа споделени целите со децата на јазик разбирлив за децата? | Да | Не |
| 2. Дали воспитувачот на почетокот го привлече вниманието на сите деца? | Да | Не |
| Ако е така, како го направи тоа? | | |
| Ја објави целта на интересен начин. | | |
| Раскажа интересна анегдота или соодветна шега. | | |
| Постави дилема. | | |
| Постави предизвикувачко прашање. | | |
| Друго. | | |
| Како воспитувачот му го привлече вниманието на детето со попреченост? | | |
| 3. Дали воспитувачот направил дневен оперативен план? | Да | Не |
| 4. Дали во дневниот оперативен план планирал диференцијација? | Да | Не |
| 5. Дали во дневниот оперативен план планирал специфични активности за децата со попреченост? | Да | Не |
| 6. Ако одговорот е да, дали воспитно-образовните активности се реализираа соодветно? | Да | Не |
| 7. Дали воспитувачот им обрнуваше внимание на <u>сите</u> деца и соодветно реагираше на нивните реакции? | Да | Не |
| 8. Дали избраните активности беа соодветни на можностите на децата? | Да | Не |
| 9. Дали воспитувачот ги поттикнуваше децата за понатамошно учење? | Да | Не |

**Техники на учење**

| | | |
|---|---|---|
| 10. Дали воспитувачот ја имаше контролата над воспитно-образовните | Да | Не |

| | | |
|---|---|---|
| активности? | | |
| 11. Дали воспитувачот бараше од децата да одговараат на прашања? | Да | Не |
| 12. Дали воспитувачот бараше од децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој да одговараат на прашања соодветно на нивните можности? | Да | Не |
| 13. Ако одговорот е да, какви беа прашањата?<br><br>☐Отворени ☐Затворени ☐Комбинирани | | |
| 14. Дали воспитувачот користеше „бура на идеи“? | Да | Не |
| 15. Ако одговорот е да, какво беше темпото?<br><br>☐Доволно ☐Пребрзо ☐Бавно | | |
| 16. Дали сите деца беа мотивирани да даваат идеи? | Да | Не |
| 17. Дали беа користени аудио-визуелни средства и/или манипулативи? | Да | Не |
| 18. Дали беа користени средства и/или манипулативи соодветни за децата со попреченост, или тешкотии во раното учење и развој? | Да | Не |
| 19. Дали беа употребени како што беше испланирано? | Да | Не |
| 20. Дали беа соодветно избрани? | Да | Не |
| 21. Аудио-визуелните средства помогнаа или ја попречија активноста? | Да | Не |

**Презентерски вештини**

| | | |
|---|---|---|
| 22. Дали воспитувачот воспоставуваше интеракција? | Да | Не |
| 23. Дали воспитувачот одржуваше контакт со очите и природни гестикулации со рацете и телото? | Да | Не |
| 24. Дали воспитувачот одржуваше соодветно темпо и силината на гласот во говорот? | Да | Не |
| 25. Дали воспитувачот беше сигурен и подготвен за дневната активност? | Да | Не |
| 26. Дали поучувањето на воспитувачот и активностите на децата во центрите за учење им помогна на децата да научат, вклучувајќи ги и децата со попреченост? | Да | Не |
| 27. Дали од децата беше побарана повратна информација за воспитно-образовните активности? | Да | Не |

Дополнителни коментари:

Набљудувач/и:

Прилог 3/5.ФОРМУЛАР ЗА САМОПРОЦЕНКА НА ВОСПИТУВАЧОТ

**САМОПРОЦЕНКА НА ВОСПИТУВАЧОТ**

Од денешните воспитно-образовни активности:

- воопшто не сум задоволен
- делумно сум задоволен
- сосема сум задоволен

Што би промениле при повторно реализирање на истите воспитно-образовни активности?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Што би истакнале како особено позитивно во денешната реализација?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Воспитувач:

____________________

Прилог 3/6.ОБРАЗЕЦ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПРИ ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

## СЛЕДЕЊЕ НА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Детска Градинка/Центар за ран детски развој | | Воспитна година | |
| Воспитувач | | Следел | |
| Воспитна група | | Датум | |
| Дневна тема | | | |
| Аспекти на развојот | | | |
| Средба пред следењето | | | |
| Цел на следењето | | | |
| Коментари од воспитувачот | | | |

**Напомена: Со сиво се означени активностите важни за работа со деца со попреченост.**

Опис

| Целосно | Ц | Делумно | Д | Недоволно | Н | Нема можност за манифестирање | / |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| I. | **Планирање и подготовка на дневна тема.** | Ц | Д | Н | / |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Целите на дневната тема се јасно дефинирани. | | | | |
| 2. | Начините на следење на напредокот и постигнувањата на детето се јасно дефинирани и произлегуваат од целите/резултатите од учењето. | | | | |
| 3. | Определени се начини (стратегии, форми, методи, техники) за реализација на воспитно-образовните активности. | | | | |
| 4. | Планирани се потребните играчки, средства, материјали и опрема. | | | | |
| 5. | Планирани се методи, постапки и инструменти за утврдување на претходните знаења. | | | | |
| 6. | Планирани се методи, постапки и инструменти за следење на постигнувањата на децата. | | | | |
| 7. | Јасно се определени активностите на воспитувачот и активностите на децата. | | | | |
| 8. | За децата со попреченост се планирани активности според индивидуалниот образовен план. | | | | |

| II. | **Организација, тек и изведба на дневната активност** | Ц | Д | Н | / |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Започнувањето на дневната активност е сигурно и опуштено, воспоставува позитивна атмосфера. | | | | |
| 2. | Ги утврдува претходните знаења и искуства на децата. | | | | |
| 3. | Децата ги запознава со очекуваните резултати од учењето. | | | | |
| 4. | Однапред има подготвено соодветни материјали за работа. За децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој има подготвени специфични материјали. | | | | |
| 5. | Користи соодветни играчки, материјали, нагледни средства и помагала. | | | | |
| 6. | Ги користи претходно планираните форми, методи и техники за реализација на воспитно-образовните активности. | | | | |
| 7. | Користи инклузивни стратегии за учење и поучување. | | | | |
| 8. | Применува различни приоди во поучувањето (решавање проблеми, истражувачки, проектни активности...) | | | | |
| 9. | Упатствата за работа, објаснувањата и прашањата се разбирливи и јасни. | | | | |
| 10. | Нејасните зборови дополнително ги објаснува. | | | | |
| 11. | Сите деца ги вклучува во реализација на активностите. | | | | |
| 12. | Прави индивидуализација и диференцијација во поучувањето, според потребите и можностите на децата. | | | | |
| 13. | Пренесува јасна порака (заклучок) и ја изведува заедно со децата. | | | | |
| 14. | Организацијата на воспитно-образовните активности го одржува вниманието на децата, заинтересираноста и мотивацијата. | | | | |
| III. | **Комуникација со децата** | Ц | Д | Н | / |
| 1. | На децата им се обраќа по име и со почит. | | | | |
| 2. | Во занималната постојат јасни правила за однесување што ги користат децата и воспитувачот за да се обезбеди работна атмосфера. | | | | |
| 3. | Поставува прашања што поттикнуваат и одговара на прашања. | | | | |
| 4. | Користи техники на активно слушање (контакт со очи, невербални знаци на поттикнување и др.) | | | | |
| 5. | Ги поттикнува децата да поставуваат прашања, да дискутираат и слободно да се изразат. | | | | |
| 6. | Ги стимулира на одговори сите деца подеднакво. | | | | |
| 7. | Го прилагодува јазикот во зависност од контекстот, ситуацијата и личноста на детето, посебно се грижи за децата со попреченост. | | | | |
| 8. | Идентификува конфликтни ситуации и им помага на децата праведно да ги разрешат. | | | | |
| 9. | При групна работа, сите групи ги поттикнува подеднакво. | | | | |

| IV. | **Следење на напредокот и постигнувањата на децата** | Ц | Д | Н | / |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Користи соодветни методи за утврдување на предзнаењата на децата. | | | | |
| 2. | Избира и соодветно користи различни инструменти за следење на постигнувањата на децата. | | | | |
| 3. | Дава позитивна и конструктивна повратна информација. | | | | |
| 4. | Повратната информација е насочена кон поттикнување и понатамошен напредок на децата. | | | | |
| 5. | Го евидентира напредокот на секое дете во однос на очекуваните резултати од учењето. | | | | |
| 6. | Го следи и го проценува напредокот, постигнувањето и развојот на детето, согласно индивидуалните цели. | | | | |
| V. | **Создавање безбедна и стимулативна средина за учење** | Ц | Д | Н | / |
| 1. | Има планирано и во работата со децата користи современи стратегии и техники за создавање безбедна и стимулативна средина за учење | | | | |
| 2. | Има изготвено и користи разновидни стимулативни материјали за учење. | | | | |
| 3. | Го приспособува просторот на индивидуалните и групните потреби. | | | | |
| 4. | Овозможува средствата и материјалите за работа да се лесно достапни за сите деца. | | | | |
| 5. | Во занималната и на изложбеното пано за родители ги изложува трудовите од децата. | | | | |
| 6. | Воспоставува правила за безбедна употреба на играчките, материјалите и средствата. | | | | |
| 7. | Придонесува за создавање добри физички услови во просторот за учење. | | | | |
| 8. | Изработува дидактички средства, материјали и средства за инклузивна работа. | | | | |
| 9. | Во занималната има позитивната клима, заснована на добрата организација и водење на воспитно-образовните активности. | | | | |
| Други релевантни констатации | | | | | |
| Средба по следењето | | | | | |
| Воспитувачот прави рефлексија (постигнатост на целите, тешкотии и насоки за подобрување). | | Ц | Д | Н | / |
| Јаки страни:<br>Предлози и сугестии за унапредување на работата: | | | | | |
| | | | | | |

| |
|---|
| Области за понатамошен развој: |
| Промени кај воспитувачот од претходното следење: |

Прилог 3/7. ЧЕК-ЛИСТА ЗА САМОПРОЦЕНКА НА ИНКЛУЗИВНОСТА

**ИНКЛУЗИВНИ СТРАТЕГИИ ВО ЗАНИМАЛНАТА**

(Самооценување на сопствената практика на воспитувачот)

**Дали користите или дали би користеле некоја од следните стратегии?**

Легенда:

√= Ова го користам во мојата работа со децата

~ = На некој начин, го користам ова во мојата работа со децата

X = Не го користам ова во мојата работа со децата

∗ = Би сакал/а да се обидам со ова, иако ми се потребни дополнителни информации или ресурси

**Интеракција воспитувач – дете**

☐ Ги знам и ги употребувам имињата на децата онака како што тие избираат да ги нарекувам и со правилен изговор.

☐ На децата им давам до знаење како да ми се обраќаат, особено ако доаѓаат од различни образовни и културни средини.

☐ На почетокот на воспитната година (или кога ги сретнувам за прв пат) ги набљудувам децата за да се запознаам со предзнаењата на децата, нивните искуства, интереси, потреби итн.

☐ На децата им давам до знаење дека имам високи очекувања од нив и верувам дека сите деца можат да научат.

☐ На децата им давам до знаење дека е корисно да се обидуваат и не е страшно ако веднаш не успеат (да пробаат, иако можеби нема да успеат). Да знаат дека неуспехот и предизвикот се важен дел од процесот на учење.

☐ Настојувам децата да даваат повеќе одговори или гледишта на поставените прашањата.

☐ Избегнувам да се шегувам на сметка на децата.

☐ Внимавам кои деца ги прашувам да зборуваат за одредени социјални групи.

☐ Покажувам грижа за здравјето и благосостојбата на децата, споделувам соодветни вежби за опуштање, стратегии и техники за фокусирање на вниманието на децата.

☐ Ја користам секоја можност, да искажам дека се залагам учењето да го направам подеднакво достапно за сите деца.

☐ Внимателно ги осмислувам активностите што отвораат потенцијално чувствителни или непријатни теми.

☐ Несогласувањето го преобразувам во продуктивна дискусија, насочувајќи ги децата да критикуваат изјава или идеја, а не говорникот.

☐ Го прекинувам или интервенирам во разговорот, ако забележам потценувачки или омаловажувачки однос кон другите деца.

☐ На децата им давам повратни информации за нивните искуства во текот на учењето.

☐ Ги поканувам колегите, стручните работници и стручните соработници да посетат и да следат мои воспитно-образовни активности, за да ми дадат повратна информација околу вклучувањето или комуникацијата со различни деца.

**Интеракција дете – дете**

☐ Ги поттикнувам децата да ги научат и меѓусебно да ги користат нивните имиња.

☐ Употребувам вежби за опуштање низ кои децата ќе можат да научат едни за други.

☐ Изработувам упатства, основни правила или заеднички договори за земање активно учество во воспитно-образовните активности.

☐ Применувам форми на работа во помали групи, во центрите за учење во занималната.

☐ По реализација на групни активностите во центрите за учење, барам од децата да дадат повратни информации во врска со работата на групата.

☐ Ги пронаоѓам сите можности од програмата за рано учење и развој, кои придонесуваат кај децата да се изградат вештини за соработка.

☐ За време на активностите ја истакнувам важноста на соработката во учењето. На децата им овозможувам да размислуваат за она што го научиле преку заеднички активности (формални и неформални).

☐ Намерно формирам мали хетерогени групи во кои се вклучени и маргинализираните деца.

☐ Намерно составувам групи од деца со различни предности и способности.

**Содржина**

☐ Одбирам содржини и активности што ја изразуваат разновидноста на децата.

☐ Користам визуелни средства што не ги засилуваат стереотипите, но вклучуваат различни луѓе и перспективи.

☐ Користам најразлични примери за да ги илустрирам концептите, користејќи информации од повеќе различни области.

☐ При читањето текстови и разговорите, како и во истражувачките активности, користам различни имиња и социокултурни контексти.

☐ Ја анализирам содржината на моите примери, аналогии и хумор, од аспект да не придонесат да се отфрлат децата со различни мислења, знаење или способности.

☐ Имињата на авторите ги искажувам целосно, а не само иницијалите, кога читаме текстови/сликовници. (Ова може да помогне да се нагласи половата и други видови разновидност).

**Воспитно-образовни практики**

☐ Ги проценувам предзнаењата на децата за одредена тема за да можам точно да ги усогласам воспитно-образовните активности со нивните потреби.

☐ Им помагам на децата да ги поврзат претходните знаења со новото учење (на пример, пред воведување на нова тема барам од децата самостојно да размислуваат за она што веќе го знаат за темата).

☐ Од децата барам да дадат или да препознаат примери што го илустрираат разбирањето на содржините.

☐ Користам разновидни методи и начини на реализирање на воспитно-образовната работа (игра, вербална, визуелна, интерактивна, фронтална, итн.), наместо да се потпирам само на еден начин на поучување на децата.

☐ Го модифицирам темпото на воспитно-образовните активности со што на децата им овозможувам да се фокусираат на процесите на учење.

☐ Ги истакнувам и ги појаснувам моите очекувања за секоја задача и обврска што им ја задавам на децата.

☐ На крајот на денот низ игра користам кратки активности за да добијам повратни информации за она што децата го стекнале како вештина или знаење и како размислувале.

## Прилог 3/8. ПРИМЕР ЗА НАСОКИ ОД ИНКЛУЗИВЕН ТИМ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА/ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

### НАСОКИ ЗА ВОСПИТУВАЧИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНАТА ПРАКТИКА

**Мото:** Преку соработка и насочен напор сите деца можат активно да учествуваат.

1. ПРОМОВИРАЈТЕ СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА – Седнувајте ги децата со попреченост до други деца. Кога до детето седи возрасен, постои можност другите деца да се обесхрабрени за комуникација со детето. Советувајте ги асистентите на детето или специјалните едукатори да седат понастрана, малку подалеку од децата.
2. СПОДЕЛУВАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ ПЛАНИРАЊА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА – Не сте сами. Споделувајте ги вашите планирања. Инклузивниот тим може да ги модифицира за да им излезете во пресрет на потребите на децата со попреченост.
3. ЗБОРУВАЈТЕ ИМ ДИРЕКТНО НА ДЕЦАТА – Избегнувајте да им се обраќате на децата со попреченост преку нивните придружници. Обраќајте им се директно кога им објаснувате и прашувајте ги директно нив.
4. МЕНУВАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ МЕТОДИ НА ПОУЧУВАЊЕ – Направете го учењето активно искуство за сите деца. Формирајте кооперативни групи за учење. Обезбедете мноштво од ресурсните материјали и осмислете различни активности. Направете децата да ви го демонстрираат знаењето на различни начини.
5. ЗАПОЗНАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ ДЕЦА – Поздравувајте ги децата кога влегуваат во вашата занимална. Така ќе им бидете пример и ќе ги научите на социјални и комуникациски вештини. Прашајте ги нешто за дома, за нивните миленичиња, за нивниот друштвен живот.
6. СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЈТЕ ИМ НА ДЕЦАТА И ПОСТАВУВАЈТЕ ПРАШАЊА – Кога децата одговараат на прашања, покрај тоа што го збогатуваат речникот, тие ги вежбаат и социјалните и комуникациските вештини. Неформалното следење на постигањата може да обезбеди корисни информации за евентуални модификации на воспитно-образовната работа.
7. ОЧЕКУВАЈТЕ УСПЕХ – Очекувајте сите деца да учествуваат и да учат за време на активностите. Кажете им на децата кои се вашите очекувања од нив. Прилагодете ги барањата, активностите, задачите да одговараат на можностите на децата.
8. ПОСТАВЕТЕ ЈАСНИ ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ – Работете со инклузивниот тим за да ги разјасните воспитно-образовните цели за децата со ИВОП. Проверете дали вашите деца континуирано работат кон исполнување на нивните цели. Пофалете го залагањето и постигањето на децата без разлика на нивното ниво на знаења, стекнати вештини или можности.
9. ОДНЕСУВАЈТЕ СЕ КОН СИТЕ ДЕЦА ПОДЕДНАКВО – Одржувајте ги вашите очекувања за однесувањето и методите за обезбедување позитивна дисциплина користете ги за сите деца подеднакво и барајте да ги почитуваат и другите возрасни во градинката.

10. СПОДЕЛЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ЗАГРИЖИ И СТАВОВИ – Искажете ги вашите стравувања и мислења. Изразете ги со соодветни зборови. Наместо да кажете: „Мислам дека ова дете не припаѓа тука!“, обидете се со: „Како можам да го вклучам ова дете во планираната активност?“

**Идентификација на деца со потешкотии во развојот и раното учење**

(Идентификатори на потешкотии)

Датум:

Име, презиме, возраст:

| **24-36 месеци** | ✓ | ✕ |
|---|---|---|
| Често паѓа при качување по скали. | | |
| Постојано мрморење или многу нејасен говор. | | |
| Не може да изгради кула со повеќе од 4 коцки. | | |
| Потешкотии во ракување со ситни предмети. | | |
| Не може да копира круг до крајот на третата година. | | |
| Не може да комуницира со кратки реченици. | | |
| Не се вклучува во игри со имитирање (симболички игри). | | |
| Не може да јаде сам/а со лажица или да пие вода од чаша. | | |
| Не може да разбере едноставни инструкции. | | |
| Малку се интересира за другите деца. | | |
| Многу тешко се одвојува од своите најблиски/родител/старател. | | |

| **36-48 месеци** | ✓ | ✕ |
|---|---|---|
| Покажува екстремно агресивно, плашливо или срамежливо однесување. | | |
| Не може да се одвои од родителите. | | |
| Многу лесно се збунува и не може да се сконцентрира на една активност повеќе од 5 минути. | | |
| Покажува многу мал или никаков интерес да игра со други деца. | | |
| Одбива да разговара и да одговара на прашања од други лица. | | |
| Многу ретко користи фантазија или имитација во игрите. | | |
| Изгледа несреќно или тажно поголем дел од денот. | | |
| Ги избегнува или стои далеку на страна од другите деца. | | |
| Не покажува никакви емоции. | | |

| | | |
|---|---|---|
| Има потешкотии во јадењето, спиењето и облекувањето. | | |

| **Над 4 години** | ✓ | ✕ |
|---|---|---|
| Не може да скока во место. | | |
| Не може да вози тротинет (да турка со една нога). | | |
| Не може да ја опфати боичката помеѓу палецот и останатите прсти. | | |
| Има потешкотии кога шкрта. | | |
| Не може да копира круг. | | |
| Не може да состави 4 коцки. | | |
| Тешко се одвојува од родителите. | | |
| Не покажува никаков интерес во интерактивни игри. | | |
| Ги игнорира другите деца. | | |
| Не воспоставува интеракција со други лица надвор од семејството (не одговара на други лица). | | |
| Не се вклучува во имагинарни игри. | | |
| Одбива да се облекува, да спие и да користи тоалет (голем отпор кај овие рутински активности). | | |
| Се удира по телото без самоконтрола, кога е луто или вознемирено. | | |
| Не користи реченици со повеќе од 3 збора. | | |
| Не го користи соодветно зборот „мене“ или „тебе“. | | |

Прилог 3.10. СТРАТЕГИИ ЗА ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## СТРАТЕГИИ ЗА ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Име и презиме на детето: ______________________________

воспитна група: ___________

**Потребни приспособувања:**

1. **Фокусирање на физичката средина и прилагодување во занималната:**
   - се обезбедува познато и сигурно опкружување (детето седи во близина на воспитувачот);
   - се обезбедува личен простор во занималната (мирно катче);
   - центрите за учење треба да бидат организирани за да има лесен премин меѓу активностите, создавајќи чувство на ред, чувство на припаѓање и можности за индивадуална и групна работа за да може децата да соработуваат меѓу себе на начин како што ќе изберат;
   - материјалите и средствата за учење треба да бидат конкретни и поврзани со животните искуства на детето;
   - се приспособува надворешната средина за учење, игра и развој за развивање на повеќе вештини кај детето;
   - детето седи на место кое овозможува лесно и безбедно влегување внатре и излегување надвор од занималната (на пр. одење во тоалет);
   - се прави напор за редуцирање на сето она што може да пречи на сетилата и непотребно да го дефокусира вниманието (бучава, силна светлина, непријатни мириси);
   - мебелот, играчките, материјалите кои ги користи детето се прилагодени на неговите потреби, способности и можности;
   - се понудува дневна структура (рутини на денот), во вид на нацртан план;
   - се стои во близина на детето кога се даваат упатства за работа во центрите за учење;
   - се избегнуваат изненадувањата, нагли промени на рутините и внимателно се прави транзиција од една во друга активност;
   - се минимализираат промените;
   - друго: ___________________________________________________________
   - _____________________________________________________________ .

**2. Подготовка на воспитувачот пред реализација на дневни воспитно-образовни активности:**

- се подготвува соодветна стимулативна средина за учење, игра и развој, која ќе биде во функција на потребите, интересите и можностите на децата со попреченост;
- се вклучуваат децата во планирањето на воспитно-образовните активности (се имплементираат детските желби и интереси);
- се анализира СВОТ анализата и се одредуваат индивидуални цели, според Планот за попреченост и тешкотии во учењето на детето;
- се утврдува можноста на детето со попреченост за вклучување во реализација на активноста по центрите за учење, како дел од интегрираното планирање и се следи Планот за проценка на попреченост;
- се одредуваат тежинските нивоа на активностите по центрите за учење според можностите на децата вклучително и децата со попреченост;
- се поедноставуваат насоките / упатствата за работа;
- се обезбедува дополнителна информација да се вклучи и втор воспитувач или негувател во реализација на активноста;
- по проценка на воспитувачот може да се вклучи и специјален едукатор во реализација на активноста;
- по барање на родителот и претходна заедничка проценка со воспитувачот, во реализацијата на активноста може да се вклучи и родителот на детето со попреченост;
- друго: ____________________________________________________________.

**3. Поучување:**

- се користи можноста на детско меѓусебно поучување;
- обезбедени се визуелни помагала, се покажува, се црта, се демонстрира, се користат фотографии и апликации, видео и аудио материјали;
- се поучува на начин кој ангажира повеќе сетила: визуелно, аудитивно, кинестетичко;
- откако ќе бидат дадени упатствата за работа на детето, му се повторуваат упатствата и од него се бара да ги повтори и да каже/објасни што всушност треба да работи;
- покрај усните упатства, може да се дадат и сликовито за да може детето повторно да ги прегледа и да се потсети на барањата;
- инструкцијата се разделува во повеќе чекори;
- се обезбедува можност за повторување и увежбување на активностите;
- се одржува смирена атмосфера се со цел да се избегне изложување на стрес, како на детето, така и на воспитувачот;
- се разговара при стресна ситуација и детето се отстранува од истата;
- се разговара за чувствата, се именуваат, имитираат;

- се понудува дополнителна помош, тогаш кога е потребна, но истата се повлекува, штом се заклучи дека повеќе не е потребна;
- се применува наученото во реални и практични ситуации;
- се пронаоѓаат различни начини да се процени и забележи напредокот на детето;
- се креира можност секое дете да биде успешно;
- друго________________________________________.

**4. Воспитно-образовни активности**

- се дава додатно време за завршување на активноста;
- се обезбедува дополнително време доколку детето покажува интерес да ги повтори истите активности;
- се планираат ситуации за соработка (подели улоги во групна работа), за да можат сите деца да учествуваат во ситуации во кои детето ќе покаже што може и умее да направи;
- се структурираат активности со дефинирани улоги;
- се фокусира на социјален процес (случувања во групата), а не на резултат или производ;
- се поучува, се пробува, се тренира, се вежбаат и моделираат социјалните вештини во природно опкружување на: преговарање, одговарање, вклучување, заблагодарување, давање пофалба и комплименти, прифаќање на поинакво мислење, прифаќање на туѓиот успех, другарување и сл.;
- се помага на децата да пронајдат заеднички интерес;
- се избегнуваат нејасни и долги термини – се даваат конкретни насоки;
- се расчленува барањето до детето на повеќе чекори;
- се охрабрува детето за да се добие одговор;
- се поттикнува детскиот избор секогаш кога е можно;
- се унапредува комуникацијата со детето;
- се користат гестови, моделирање и покажување со вербализација;
- се привлекува вниманието визуелно, вербално или физички;
- друго: ____________________________________________________________________.

**5. Организација:**

- се обезбедуваат континуирани услови децата со попреченост да бидат дел од групата;
- се креира атмосфера на прифаќање во која сите деца нудат и добиваат помош;
- на детето му се обезбедуваат соодветни материјали и средства за работа;
- се заштитува детето од застрашување и задевање;

- се развива другарски концепт, пријателски односи во секој дел од денот;
- се прави индивидуален договор  и договор со целата група;
- се користи визуелен и гласовен сигнал, знак за почеток и крај на активноста;
- се охрабруваат детските избори;
- се почитуваат добрите детски одлуки;
- се анализираат причините на однесување од детска перспектива;
- се избегнуваат притисоци како што се: „Биди добар!“ или други апстрактни очекувања;
- се избегнуваат мерки за „непристојно“ однесување;
- друго: _________________________________________________________________.

**6. Однесување:**

- се поедноставуваат правилата за однесување во занималната;
- се одредува одмор и време за слободни активности;
- јавно се пофалува одредено однесување;
- се користат стратегии за самоконтрола;
- се даваат посебни привилегии/позитивни насочувања и поттикнувања;
- „мудро се искористуваат“ негативните однесувања, се прават куси паузи меѓу активностите;
- детето се поттикнува да не ја прекинува работата на активноста (невербални сигнали);
- се спроведува систем на управување со однесувањето во занималната;
- се дозволува движење, време кога детето не е на своето место за време на активностите (на пр. испратен е да изврши, направи нешто);
- се толерира извесно несоодветното однесување што е во границите на дозволеното во занималната;
- на детето му се даваат едноставни одговорности во воспитната група (на пример, да внимава на играчките);
- друго:_______________________________________________________________ __________________________________________________________.

Воспитувач:

____________________________

## Подрачје 4. Поддршка на децата

Грижата на инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој за децата со попреченост се однесува на нивното учење и напредување, но и многу пошироко. Тоа се деца што се емоционално и/или социјално повеќе ранливи и поради тоа е потребно да се обезбедат соодветни механизми за превенција, заштита и поддршка.

### 4.1. Севкупна грижа за децата

**1. Протокол за заштита од физички повреди**

Инклузивен тим на детската градинка/центарот за ран детски развој изготвува протокол заради зачувување и унапредување на здравјето на сите деца, вклучително и на децата со попреченост.

**2. Протокол за превенција од насилство**

2.1. Инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој, со тимот за превенција од насилство, креира политики за превенција од насилство во која се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните што се сметаат за насилство. Особено се води грижа да бидат заштитени децата со попреченост или со тешкотии во раното учење и да се едуцираат децата со предизвици во однесувањето.

2.2. Инклузивен тим на детската градинка/центарот за ран детски развој се вклучува во планирање и реализирање активности, работилници, дебати и слични настани за разбивање стереотипи, предрасуди и дискриминација; прифаќање на различности – на ниво на градинка/центар за ран детски развој и на ниво на воспитна група во која се присутни овие појави.

**3. Протокол за поддршка на децата со телесни пречки во развојот**

3.1. Инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој, на ниво на градинка креира политики за поддршка на децата со телесни пречки. За да овозможи пристапност во градинката (рампа на влез; лифт; ограда на скали и долж ходниците; соодветен тоалет) соработува со локалната самоуправа, советот на родители, невладини и други организации.

3.2. Инклузивниот тим за дете овозможува поддршка од возрасно лице за движењето во градинката и во дворот на градинката (прилози 4/3, 4/4).

3.3. Инклузивниот тим внимава на распоредот на активностите (движењето од една во друга просторија, како на пр. во занимална, во сала, на тераса, во двор-да биде по најсоодветен пат) и внимава на распоредот на мебелот во градинката/центарот за ран детски развој и воспитната група за да се овозможи непреченото движење.

**4. Протокол за зачувување и унапредување на здравјето на децата**

4.1. Детската градинка/центарот за ран детски развој заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи дневната здравствена состојба на

децата, соработува со установи надлежни за здравствена заштита на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

4.2. Детската градинка/центарот за ран детски развој има законска обврска во случај на појава на нарушување на нормалната здравствена состојба да го извести родителот на детето, а во случај на поголем број на заболени деца, веднаш да ги извести надлежната здравствена установа, основачот и министерството.

4.3. За децата што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од градинка/центарот за ран детски развој, инклузивниот тим предлага процедури за поголемо вклучување на родителите/старателите на децата во поддршка на учењето и развојот на децата во домашни услови (прилози 4/2 а-г).

**5. Протокол за поддршка на децата од социјално загрозени семејства**

5.1. Инклузивниот тим по потреба ги советува и им помага на родителите на децата од социјално загрозени семејства да ги обезбедат правата од социјална заштита преку социјалните служби.

5.2. Инклузивниот тим во соработка со комисијата на Црвениот крст во градинката/центарот за ран детски развој, планираат и реализираат хуманитарни акции од најразличен вид: продажни изложби; донации на родители преку Советот на родители; донации од локални претпријатија; бесплатен престој во градинката и слично (прилог 4/5 и 4.6).

**6. Протокол за поддршка на децата со емоционални потешкотии**

6.1. ИТДГ/ИТЦРДРТ прибира податоци за децата со емоционални потешкотии, без оглед на причината – семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми.

6.2. ИТДГ/ИТЦРДРТ во соработка со воспитувачите, родителите и релевантните институции – здравствените установи, центрите за социјална работа, полицијата, пронаоѓа решенија, нуди соодветна помош и поддршка за справување со предизвиците.

**7. Протокол за поддршка на деца со попреченост од негувателот/асистенти/придружници**

7.1. ИТДР дава информации и насоки за работата на негувателот /асистентите/ придружниците (ангажирани од градинката/центарот за ран детски развој или родителите) со децата со попреченост.

7.2. ИТДГ/ИТЦРДРТ му помага на воспитувачот и негувателот/асистентот/ придружникот, да ја испланира улогата на негувателот/асистентот/ придружникот за поддршка на детето во градинката.

7.3. ИТДГ/ИТЦРДРТ ја следи работата на негувателот/ асистентот /придружникот, му дава насоки и препораки за поефективна работа со детето.

## 4.2. Следење и проценка на постигнувањата и напредокот на децата

Целта на следење и процена на постигнувањата и напредокот на децата е да се одреди што знае и може детето, да се идентификуваат одредени слабости кои бараат дополнителна интервенција и да се поддржи напредокот на детето.

1. **Протокол за водење евиденција за индивидуалниот напредок на децата**

   1.1. Инклузивниот тим на детската градинка / центарот за ран детски развој се залага воспитувачите да водат целосна и уредна евиденција за условите при учење и развој, постигнувањата, редовноста и однесувањето, како и за интелектуалниот, социјалниот и емоционалниот развој на децата со попреченост, нивните вештини и достигнувања.

   1.2. Инклузивниот тим на детската градинка / центарот за ран детски развој, проценката за индивидуалниот напредок на детето ја базира на играта како извор на податоци, детското творештво во функција на формативна проценка, вербалните и апликативните активности на децата.

   – Во евиденцијата на проценката (анегдотски белешки, студија на случај, информации од семејството-формулар, чек листи, портфолио-досие на детето, видеоснимки, аудиозаписи), посебно се акцентирани добрите страни на детето и неговите развојни потенцијали.

   – Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на детето што се добиени како резултат на проценка направена од страна на воспитувачите, во соработка со стручната служба и родителите на детето, базирана на следните принципи:

- Да не ги повредува детските права и потреби.
- Да не ја навредува и омаловажува детската личност.
- Процената да се фокусира на позитивните аспекти од развојот.
- Да се почитуваат детските развојни карактеристики и развојните аспекти.
- Да е во согласност со целите на програмата за рано учење и развој  и Стандардите за рано учење и развој.
- Да се почитуваат мислењето и забелешките на родителите во однос на интерпретирање на проценката од страна на воспитувачите.
- Родителите континуирано да се информираат за секоја нова состојба од детскиот развој.
- Да се почитуваат информациите за развојот на детето, добиени од родителите.
- Да се обезбеди поддршка и следење на резултатите од проценката низ натамошните развојни периоди на детето по тргнување во основно училиште.
- Да бидат застапени сите фази (собирање, анализирање / интерпретирање, имплементација) од процесот на проценувањето.
- Проценката да биде приспособена на програмските цели (прилози 4/7 - 4.17).

2. **Протокол за анализа на проценката на напредокот на децата по воспитни групи**

   2.1. На крајот од реализацијата на секоја тема, инклузивниот тим прави анализа на проценката на постигањата и напредокот на децата со попреченост.

2.2. По извршената анализа се утврдува дали детето има напредок или ќе има потреба од промена на стратегијата во воспитно-образовната работа за следниот период. Дијаграмите кои се прикажани подолу покажуваат на кој начин проценката се интегрира во планирањето на воспитно-образовната работа.

2.3. Подготвените извештаи и анализи за децата со попреченост ѝ се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар. Истите целосно се достапни за сите други воспитувачи, но и за родителите на децата.

**Интегрирање на  проценката во планирањето на воспитно-образовната работа**




**Зона на следен (најблизок) развој кај детето**



3. **Протокол за поддршка и следење на напредокот во основното образование**

3.1. Инклузивниот тим на детската градинка/центарот за ран детски развој се залага градинката да обезбеди информации за запишување на децата со попреченост во основното образование, за нивната успешност во прво одделение и ги анализира добиените податоци.

3.2. Врз основа на добиените податоци, предлага мерки за подобрување на инклузивните практики на градинката/центарот за ран детски развој.

**ПРИМЕРИ НА ИНСТРУМЕНТИ И МОДЕЛИ НА ДОКУМЕНТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО 4**

Прилог 4/1. ПРЕВЕНЦИЈА НА МОЖНИ РИЗИЦИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА (со попреченост или тешкотии во раното учење и развој)

**МОЖНИ РИЗИЦИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА (со** попреченост или тешкотии во раното учење и развој**)**

(Инструментот се пополнува пред да се изведе некоја специфична активност/проект со ДЕТЕ со попреченост или тешкотии во раното учење и развој за да се осигура неговата безбедност и да се избегнат опасности)

Име и презиме на детето: ____________________________, воспитна група: ___________

Опис на активноста:

| |
|---|
| |

Спроведена од: ______________________________________, датум: _____________

**Чекор 1: Идентификување опасности**

| | | |
|---|---|---|
| Биолошки (хигиена, болести, инфекции, алергии) | | |
| ☐ Крв/телесни течности | ☐ Вирус/болест | ☐ Алергии |
| Друго/детали: | | |
| Хемикалии (средства за чистење, супстанции за експерименти и друго) – хемикалиите треба да бидат означени и придружени со упатство. | | |
| ☐ Безопасни хемикалии | ☐ Опасни хемикалии | |
| Именувајте ги хемикалиите/детали: | | |
| Критични ситуации – инциденти што резултираат со: | | |
| ☐ Заклучување | ☐ Евакуација | ☐ Рушење |
| Друго/детали: | | |
| Инциденти од енергетски извори/проблеми што вклучуваат: | | |
| ☐ Електрична струја | ☐ Гас/нафта/оган | ☐ Компресиран гас |

| Друго/детали: |
| --- |
| |

<table>
<tr><th colspan="6">Околина</th></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Изложување на сонце</td><td colspan="2">☐ Вода (извор, река, плажа, брана)</td><td colspan="2">☐ Звук, бучава</td></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Животни/инсекти</td><td colspan="2">☐ Невреме/временски неприлики</td><td colspan="2">☐ Температура (жештина, студ)</td></tr>
<tr><td colspan="6">Друго/детали:</td></tr>
<tr><th colspan="6">Објекти/градби во околината</th></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Градби и објекти од околината што не се praместуваат</td><td colspan="2">☐ Улица/патека</td><td colspan="2">☐ Работилница/работна соба</td></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Опрема на игралиште/сала</td><td colspan="2">☐ Мебел</td><td colspan="2">☐ Базен</td></tr>
<tr><td colspan="6">Друго/детали:</td></tr>
<tr><th colspan="6">Машини, алати и опрема</th></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Машини – статични</td><td colspan="2">☐ Машини – преносни</td><td colspan="2">☐ Рачни алати</td></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Возила/приколки</td><td colspan="2">☐</td><td colspan="2">☐</td></tr>
<tr><td colspan="6">Друго/детали:</td></tr>
<tr><th colspan="6">Мануелна работа</th></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Мануелна работа (што се повторува, тешка)</td><td colspan="2">☐ Активност на височина</td><td colspan="2">☐ Ограничен простор</td></tr>
<tr><td colspan="6">Друго/детали:</td></tr>
<tr><th colspan="6">Насилство</th></tr>
<tr><td colspan="2">☐ Деца</td><td colspan="2">☐ Вработени</td><td colspan="2">☐ Родители/други</td></tr>
<tr><td>☐ Физичко</td><td>☐ Психичко</td><td>☐ Физичко</td><td>☐ Психичко</td><td>☐ Физичко</td><td>☐ Психичко</td></tr>
<tr><td colspan="6">Други опасности/детали:</td></tr>
</table>

**Чекор 2: Оценување на нивото на ризик**

Земајќи ги предвид идентификуваните опасности во претходниот чекор и користејќи ја дадената матрица за оценување, оценете го нивото на ризик.

| Веројатност | Последица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Незначајна | Мала | Умерена | Голема | Критична |
| Скоро сигурна | Средно | Средно | Високо | Екстремно | Екстремно |
| Најверојатна | Ниско | Средно | Високо | Високо | Екстремно |
| Можна | Ниско | Средно | Високо | Високо | Високо |
| Неверојатна | Ниско | Ниско | Средно | Средно | Високо |
| Ретка | Ниско | Ниско | Ниско | Ниско | Средно |

| Последица | Опис на последицата | Последица | Опис на последицата |
|---|---|---|---|
| Незначајна | Нема потреба за третман. | Ретка. | Се случува само во исклучителни околности. |
| Мала | Мала повреда бара третман со комплет за Прва помош (мали исеченици, набиеници, цумки). | Неверојатна. | Не може да се случи во блиска иднина. |
| Средна | Повредата бара медицински третман или повеќе време. | Можна. | Може да се случи во блиска иднина. |
| Голема | Сериозна повреда што бара специјалистички медицински третман или хоспитализација. | Најверојатна. | Веројатно, ќе се случи во блиска иднина. |
| Критична | Загуба на животот, трајна попреченост или повеќе сериозни повреди. | Скоро сигурна. | Скоро сигурно ќе се случи во блиска иднина. |

| Ниво на ризик | | Опис на нивото на ризик | Акција |
|---|---|---|---|
| ☐ | Ниско | Ако се случи инцидент, има мала веројатност дека ќе резултира со повреда. | Извршете ја активноста со постојните услови на лице место. |
| ☐ | Средно | Ако се случи инцидент, има некоја шанса за повреда што ќе | Ќе бидат потребни дополнителни стратегии. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | бара употреба на сетот за Прва помош. | |
| ☐ | Високо | Ако се случи инцидент, веројатно повредата ќе бара медицински третман. | Треба да се употреби стратегија пред да се реализира активноста. Треба да се следат строги протоколи, за да се осигура безбедност. |
| ☐ | Екстремно | Ако се случи инцидент, веројатно ќе резултира со перманентна повреда или смрт. | Разгледајте алтернативи за реализација на активноста. Треба да се следат строги протоколи за да се осигура безбедност. |

**Чекор 3: Контролирајте го ризикот**

1. Во дадената табела подолу наведете ги можните ризици.
2. Оценете го нивото на ризик.
3. Објаснете ги мерките што ќе ги употребите за да го елиминирате или намалите ризикот според дадената Хиерархија на стратегии/процедури.

| Хиерархија на стратегии | |
|---|---|
| Најмногу ефективни (високо ниво) | **Елиминација**: Комплетно отстранување на опасноста од активноста или местото на работа. |
| | **Алтернатива**: Избор на побезбедна активност. |
| | **Редизајн**: Направете ја активноста или процесот побезбедни. |
| | **Изолација**: Одвојте ги луѓето од опасноста. |
| Најмалку ефективни (ниско ниво) | **Администрација**: поставете правила, знаци или упатства за да го обезбедите местото за работа или извршувањето на активноста. |
| | **Лична заштитна опрема**: Заштитна облека и друга опрема. |

**Опасности/ризици и стратегии**

| Опис на опасноста/ризикот | Ниво на опасноста/ризикот | Стратегија |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| Други детали: | | |

**Чекор 4: Ревизија на стратегиите**

| **Поднесување** | |
|---|---|
| Активноста ќе биде спроведена во согласност со проценката за ризик, употребувајќи некоја од наведените стратегии во чекор 3. Ако е потребно, ќе бидат направени промени во активноста за да се избегнат евентуални опасности и да се осигура безбедност. | |
| Личност за контакт: | Датум: |
| Наведете други личности што се вклучени во оваа проценка за ризик: | |

**Чекор 5: Преглед и ревидирање на стратегиите**

| Пополнете за време/или по активноста | Да | Не |
|---|---|---|
| 1. Дали планираните стратегии беа доволни и ефективни за намалување на нивото на ризик? | ☐ | ☐ |
| 2. Дали беа направени измени во планираните стратегии? | ☐ | ☐ |
| 3. Дали е потребно во иднина да се применува стратегијата? | ☐ | ☐ |
| Детали: | | |

| Прегледот го направил: | Во улога на: |
|---|---|
| Потпис: | Датум: |

Прилог 4/2 а. ПРОТОКОЛ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА НАРУШУВАЊЕ НА НОРМАЛНАТА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ДЕТЕТО

## ПРОТОКОЛ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА НАРУШУВАЊЕ НА НОРМАЛНАТА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ДЕТЕТО

1. Родителот/старателот е должен да ја извести градинката/центарот за ран детски развој за здравствената состојба на своето дете, доколку таа е нарушена, како и за видот на болеста и аспектите на кои треба да се внимава во градинката/центарот за ран детски развој.

**Утринска тријажа во градинката**

- приемот на децата го врши негувателот;
- детето не може да биде примено во градинката доколку прима антибиотска терапија;
- при забележување на знаци на болест на детето, при приемот негувателот ја известува главната медицинска сестра и раководителот на објектот;
- главната медицинска сестра обавува разговор, одбиваат прием и го советуваат родителот да го задржи детето дома.

2. Во услови кога детето ќе се пожали на здравствени проблеми или повреда за време на неговиот престој во градинката/центарот за ран детски развој, се реагира веднаш на следниот начин:

- Се известува главната медицинска сестра, односно раководителот на објектот или стручната служба и директорот.
- Се контактира со родителот и се известува за проблемот.
- Во градинката/центарот за ран детски развој се реагира при повреда што може да се санира локално, при што се користат содржините од кутиите за прва помош.
- На децата не смеат да им се даваат лекарства што се земаат орално, поради можноста детето да е алергично на одреден лек.
- При итни случаи, детето се носи во најблиската амбуланта каде што ќе му биде дадена лекарска помош и истовремено треба да се информира родителот за тоа како е постапено.

3. Откако ќе биде згрижено детето и ќе му биде дадена прва помош, воспитувачот, односно главната медицинска сестра или докторот се информира и ја следи неговата здравствена состојба, со цел во текот на престојот на детето во градинката да се внимава на критични аспекти (на пр. почитување определени хигиенски услови, контрола на исхраната итн.).

4. При случаи на хронични заболувања или потешки повреди:

- Градинката/центарот за ран детски развој е должно да ги следи насоките што ги дал родителот врз основа на препораки на лекар и е должно редовно да го известува родителот за промените што се случуваат и кои биле забележани.

- Доколку детето подолго време отсуствува од градинката, се препорачува градинката/центарот за ран детски развој да му понуди на родителот ресурси и воспитно-образовни активности како поддршка на учење и развојот на детето во домашни услови.

5. Обврска на родителот/старателот

- Родителот на детето кое ќе покаже знаци на болест и е испратено дома, должен е да ја извести градинката/центарот за ран детски развој: главната медицинска сестра, раководителот на објектот или воспитувачот за здравствената состојба на детето.
- При повторно враќање во градинката, родителот е должен да донесе медицинска белешка дека детето е здраво и може да посетува градинка.

6. Обврска на градинката/центарот за ран детски развој

- Систематско следење на растот, развојот и ухранетоста на децата;
- Преземање на превентивни мерки за спречување на заразни болести како што се: одржување на општата хигиена на просториите, постелнината, играчките;
- Превенција при повреда и веднаш известување на родителот;
- Известување на надлежната здравствена установа, основачот и министерството.

Прилог 4/2-б. ГРИЖА ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ДЕЦАТА ВО ТЕКОТ НА ПРЕСТОЈОТ ВО ГРАДИНКАТА

## ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА ВО ТЕКОТ НА ПРЕСТОЈОТ ВО ГРАДИНКАТА

| **Дата на систематски преглед** | **Систематски прегледи**<br>**Наод од систематски преглед** |
| --- | --- |
| | **ТТ__________ТВ________________**<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>________________________ |
| | **ТТ____________ТВ_________________**<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________ |
| | **ТТ____________ТВ____________**<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________ |
| | **ТТ____________ТВ____________**<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________ |

| | |
|---|---|
| | |

Прилог 4/2-в. ГРИЖА ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ДЕЦАТА ВО ТЕКОТ НА ПРЕСТОЈОТ ВО ГРАДИНКАТА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЈАВА НА БОЛЕСТ

Дата на појава на болест __________

Име и презиме на детето

_______________________________________________________

Време кога е известен родителот_________________________________________________

Време кога е детето земено од страна на родителот_______________________________

Име и презиме на негувател/ воспитувач ________________________________________

Дали му е даден некаков лек на детето : Да Не

Опишете ги симптомите:

____________________________________________________________________________

| 9.3 Има правилно држење при пеење. | | | | | | |
| 9.4 Учествува во разни музички манифестации. | | | | | | |
| 9.5 Користи разни музички инструменти, нетрадиционални и природни предмети. | | | | | | |
| **10. Стандард- демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност** | | | | | | |
| 10.1 Самостојно црта познати предмети и моделира разни облици. | | | | | | |
| 10.2 Комбинира разни големини на четка, додека црта и бои со водени бои. | | | | | | |
| 10.3 Декорира разни предмети со цртање. | | | | | | |
| 10.4 Изработува разни предмети. | | | | | | |
| **Забелешка:** | | | | | | |

## 6. ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕ

| Индикатор | Прв чекор | | Напредува | | Достигнува | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | I | II | I | II |
| **1.Стандард- може да научи нови работи и да стекне нови искуства** | | | | | | |
| 1.1 Развива личен интерес кон одредени нешта. | | | | | | |
| 1.2 Покажува интерес и сака да знае повеќе за настаните и | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| приказните. | | | | | | |
| 1.3 Покажува интерес за дискусии за одредени нови искуства и случувања. | | | | | | |
| **2. Стандард- може да преземе иницијатива** | | | | | | |
| 2.1 Самостојно прави селекција. | | | | | | |
| 2.2 Го замолува другарчето да му се приклучи во играта. | | | | | | |
| 2.3 Прави план за сопствена активност и учествува во неа. | | | | | | |
| 2.4 Заради личен интерес учествува во одредена активност. | | | | | | |
| **3.Стандард – покажува истрајност во преземените активности** | | | | | | |
| 3.1 Настојува успешно да ја заврши активноста. | | | | | | |
| 3.2 Прифаќа предизвици и истрајува во активноста. | | | | | | |
| **4. Стандард – може да ја користи својата креативност во секојдневните активности** | | | | | | |
| 4.1 Игра симболички игри. | | | | | | |
| 4.2 Врши измени на познати приказни. | | | | | | |
| **5.Стандард-може да учи на различни начини од сопствените искуства** | | | | | | |
| 5.1 Употребува најразлични методи. | | | | | | |
| 5.2 Планира активности и си поставува цели. | | | | | | |
| **Забелешка:** | | | | | | |

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИНДИВИДУАЛНИОТ НАПРЕДОК НА ДЕЦАТА**

**ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИНДИВИДУАЛНИОТ НАПРЕДОК НА ДЕЦАТА**

## АНЕГДОТСКА БЕЛЕШКА

Име на детето______________________________________________________________

Дата ______________________________Час
_______________________________________

Име и презиме на
воспитувач__________________________________________________

Домен____________________________________________________________________

Стандард/и_______________________________________________________________

Опсервацијата е направена **(заокружете соодветно**):

А. за време на планирана активност

Б. за време на слободна активност

В. активност која се спроведува во група

Г. индивидуална активност иницирана од детето

Д. активноста се спроведува со помош на воспитувач

Ѓ. активноста се спроведува со помош на врсници

Е. активноста трае под 5 минути

Ж. активноста трае од 5-10 минути

З. активноста трае повеќе од 10 минути

| Анегдотска белешка : |
|---|
| |

Прилог 4.8. Лист за идентификација на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој

**Име и презиме: _______________________**

**Однесување за време на активноста**

1. На местото каде што седи:
   - Упадливо е мирен.
   - Хармоничен е.
   - Се врти.
2. Кон другарчињата:
   - Не се обраќа никому.
   - Им се обраќа по потреба.
   - Ги задева децата.
3. Внимание:
   - Отсуство на внимание.
   - Внимателно ги следи активностите.
   - Вниманието му го одвлекува секоја дразба.
4. Расположение:
   - Намалено во однос на причината и групата.
   - Усогласено во однос на причината и групата.
   - Зголемено во однос на причината и групата.

**Однесување на одморите**

1. Во дворот:
   - Повлечено однесување.
   - Хармонично.
   - Упадливо подвижен.
2. Во однос на играта:
   - Не се вклучува во играта.
   - Организирано игра.
   - Пречи во организираната игра.
3. Во однос на групата:

- Не ја забележува групата деца.
- Групата деца го привлекува.
- Децата не го прифаќаат.

4. Расположение:
   - Намалено во однос на причината и групата.
   - Усогласено во однос на причината и групата.
   - Зголемено во однос на поводот и групата.

**Однесување кон кадарот во ДГ/ЦРДР**

1. Обраќање кон воспитувачот:
   - Никогаш самоиницијативно.
   - По потреба.
   - Прашува без потреба.
2. Однос кон наредбите на воспитувачот:
   - Збунето ги прифаќа.
   - Согласно ги прифаќа.
   - Без дозвола станува и шета.
3. Пофалби:
   - Го засрамуваат, го збунуваат.
   - Ги прифаќа со задоволство.
   - Не влијаат врз однесувањето и емоциите.
4. Опомена:
   - Го засрамува.
   - Ја прифаќа.
   - Не влијае врз однесувањето и емоциите.

Воспитувач:

____________________

Прилог 4.9. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИЛИ ТЕШКОТИИ ВО РАНОТО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ

**ПРОЦЕДУРА**

**ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЦАТА СО** ПОПРЕЧЕНОСТ ИЛИ ТЕШКОТИИ ВО РАНОТО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ

1. Воспитувачот во текот на воспитно-образовниот процес препознава, открива дете со попреченост или тешкотии во раното учење и развој.

2. Воспитувачот ги известува стручните работници за идентификуваното дете.

3. Воспитувачот пополнува инструмент за идентификација на дете со попреченост или тешкотии во раното учење и развој изготвен од стручните работници.

4. Воспитувачот и стручните работници го следат однесувањето на детето, неговиот напредок во учењето и развојот.

5. Стручните работници по потреба ги упатуваат родителот и детето во соодветна стручна институција.

6. Воспитувачот и стручните работници на детето му даваат постојана поддршка за негов што поуспешен напредок.

7. Воспитувачот и стручните работници се во постојана соработка и комуникација, а во тоа е вклучено и детето со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, како и родителот на детето.

Прилог 4.10. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИЛИ ТЕШКОТИИ ВО РАНОТО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ

## ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ ЗА ДЕТЕ

| | |
|---|---|
| Име и презиме на детето | |
| Датум на раѓање | |
| Група | |
| Воспитувач | |
| За детето има препорака од Службата за функционална проценка, базирана на МКФ. | |
| Детален опис на посебната потреба на детето (развојно-когнитивниот, емоционалниот, мотивацискиот, физичкиот и социјалниот статус и односот кон учењето). | |
| Поддршка што ја добива од ДГ/ЦРДР (стручни работници, воспитувачи, личен асистент). | |
| Доколку детето добива стручна помош од стручни лица или институции, наведете од која институција, колку пати во неделата, од кое стручно лице ја добива услугата. | |
| Наведете некои информации што се важни, како на пр.: медицински состојби, алергии, хронична болест, хронична терапија. | |

Датум: Воспитувач:

_____________ ____________________

Стручен работник:

______________________

Прилог 4.11. **Проценка од специјален едукатор и рехабилитатор**

**(мало дете)**

| **Име и презиме** | **Возраст** | **Број на картон** |
|---|---|---|
| | | |

| **Контакт остварува** | ☐Со тело и движење<br>☐Преку предмети, играчки<br>☐Со глас, мимика, зборови |
|---|---|
| Описно | |

| **Моторика** | ☐Под очекуваната возраст<br>☐Невешто<br>☐Одговара на возраста<br>☐Мошне вешто<br>☐Збунето |
|---|---|
| Описно | |

| **Игра** | ☐Сиромашна, стереотипна<br>☐Одговара на возраста<br>☐Мошне богата, имагинативна<br>☐Необична, чудна |
|---|---|
| Описно | |

| **Говор** | ☐Не зборува<br>☐Зборува неразбирливо |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | ☐Сиромашен, недоволен<br>☐Необичен стереотипен, ехолаличен<br>☐Дали ја разбира наредбата |
| Описно | |

| | |
|---|---|
| **Однесување** | ☐Отсутно, инхибирано<br>☐Адекватно<br>☐Во постојано движење, претерано живо<br>☐Вознемирено, раздразливо |
| Описно | |

| |
|---|
| **Заклучок** |

**Датум** ________________________

**Потпис** ________________________

Прилог 4.12. **ПИСМЕНА БЕЛЕШКА ЗА ИНДИВИДУАЛНО СЛЕДЕЊЕ НА ДЕТЕ**

Име и презиме на дете________________________________

Објект_____________________________________________

Група______________________________________________

Воспитувач/Негувателка_______________________________

Дата на следење______________________________________

1.Мислење-укажување на воспитувачот или родителот_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

2.Атмосфера во занималната:

3.Како детето им приоѓа на материјалите за активност?

4.Како детето е заинтересирано за активноста?

5.Какво е темпото и распоредот на детската енергија?

6.Дали и како комуницира со останатите деца и со возрасните?

7.Дали детето соработува со децата, дали е водач или следбеник, дали децата реагираат на него?

8.Каков однос има кон возрасните?

9.Упатени совети од педагогот/воспитувачот:

---

Прилог 4.13. **Формулар за проценка на говор кај деца од 4 - 6 год**

Датум___________________________________________________________

Име и презиме_____________________________________________________

Возраст______________________________________________________

Објект/група__________________________________________________

Логопед_____________________________________________________

1.Семејно – growing – рединска анамнеза (каде и со кого живее, интеракција/комуникација со врсници и возрасни, проблеми и тешкотии во бременост, пораѓање)?

2. Дали родителот забележал некакви тешкотии во говорот кај детето и побарал стручно мислење?

3. Проценка на говорот кај детето со помош на тест (Глобален артикулациски тест)!

4. Индивидуален план за работа!

5. Очекувани резултати!

6. Дополнителни препораки за родителите!

Логопед

___________________

Прилог 4.14. **РАБОТНО ДОСИЕ**

## ЛОГОПЕТСКИ ЛИСТ

Име и презиме_______________________________________________________________

Датум на раѓање____________________________________________________________

Група _______________________________________________________________

**ГОВОРНО – ЈАЗИЧКИ СТАТУС:**

1. **Рецептивен говор**
    a) Не го разбира говорот.
    b) Разбира едноставни говорни барања.
    c) Разбира сложени говорни барања.
    d) Добар.
2. **Експресивен говор:**
    a) Воспоставува вербална комуникација.
    b) Не воспоставува вербална комуникација.
3. **Вербално  памтење:**
    a) Добро.
    b) Делумно добро.
    c) Слабо.

4. **Артикулација на гласовите**

Артикулација на гласовите_____________________________________ е оштетена и постои:

a) Интердентален говор
b) Латерален говор
c) Адентален говор
d) Назален изговор
e) Веларен изговор
f) Лабијален изговор
g) Мек изговор
h) Обезвучување
i) Омисија
j) Супституција

k) Дискриминација
l) Дисторзија

5. **Морфолошки развој**

Во комуникација користи реченица составена од:

a) Еден збор
b) Два збора
c) Три збора
d) Четири и повеќе зборови

6. **Синтаксички развој**

Реченицата е:

a) Аграматична
b) Комплетна и граматички правилна

7. **Лексикон**

a) Речникот е сиромашен
b) Одговара на возраста
c) Богат

8. **Пореметување на ритамот и темпото на говорот**

a) Лесна форма
b) Средна форма
c) Сензомоторна
d) Друга

**9.** Нарушување на гласот

a) Афонија
b) Дисфонија
c) Детска дисфонија

10. **Доминантна латерализација**

a) Десна
b) Лева
c) Амбидекстер
d) Неиздиференцирана

11. **Орална праксија:**

a) Добра
b) Делумно добра
c) Лоша

12. **Семејна анамнеза:**

Во семејството слични говорни потешкотии:

a) Не се присутни
b) Се присутни кај______________
c) Од кој вид_________________

**13. Забелешка:**

Прилог 4.15. **ТЕСТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА РАЗБИРЛИВОСТА НА ГОВОРОТ**

Дата: Логопед:

| Реченици за повторување или читање | Степен на разбирливост | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| 1. Оди да ми купиш весник. | | | | | | | | |
| 2. Симо носи сено. | | | | | | | | |
| 3. Децата стојат покрај прозорецот. | | | | | | | | |
| 4. Секое утро пиеме чај и бело кафе. | | | | | | | | |
| 5. Зајакот сака зелена зелка. | | | | | | | | |
| 6. Во шумата шумолат лисјата. | | | | | | | | |
| 7. Синоќа дуваше ветер и врнеше снег. | | | | | | | | |
| 8. Ристе рипна преку реката. | | | | | | | | |
| 9. Чедо има мали зајачиња. | | | | | | | | |
| 10. Лила се лула на лулката. | | | | | | | | |
| 11. Џафер игра џамлии. | | | | | | | | |
| 12. На мечето мало круши му се јало. | | | | | | | | |
| 13. Цанка црта убави слики. | | | | | | | | |
| 14. Жана виде еже. | | | | | | | | |
| 15. Ветерот ги дуваше жолтите лисја. | | | | | | | | |

Просек на разбирливоста на гласот:

Прилог 4.16. **ТРИЈАЖЕН АРТИКУЛАЦИСКИ ТЕСТ** (Ѓ. Костиќ, С. Владисављевиќ)

Име и презиме ______________________________

Датум ____________________

| Збор | + | +/- | - | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| И – види | | | | |
| Е – бебе | | | | |
| А – мама | | | | |
| О – вода | | | | |
| У – буба | | | | |
| П – папа | | | | |
| Б – буба | | | | |
| Т – тато | | | | |
| Д – дедо | | | | |
| К – кока | | | | |
| Г – гума | | | | |
| Ц – Цеца | | | | |
| Ќ – ќебе | | | | |
| Ѓ – ѓум | | | | |
| Ч – чело | | | | |
| Џ – џеб | | | | |
| Ф – фес | | | | |
| В – воз | | | | |
| С – сено | | | | |
| З – зима | | | | |
| Ѕ – ѕид | | | | |
| Ш – шума | | | | |
| Ж – жаба | | | | |
| Х – хор | | | | |
| Ј – јајце | | | | |
| Р – риба | | | | |
| М – мој | | | | |
| Н – нога | | | | |
| Њ – коњ | | | | |
| Л – лале | | | | |
| Љ – Љупка | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | | | |

Прилог 4/17. **ПЛАН ЗА ПОДДРШКА, ПРОЦЕНКА НА НАПРЕДОКОТ ВО РАНОТО УЧЕЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕТЕТО**

**Информации за детето**

| | |
|---|---|
| Име и презиме на детето | |
| Пол | |
| Дата на раѓање | |
| ДГ/ЦРДР | |
| Број на детето во главна книга | |
| Група | |
| Име и презиме на родител/старател | |
| Адреса | |
| Телефонски број | |
| Име и презиме на воспитувач | |
| Воспитно-згрижувачка година | |

**Педагошки профил на детето**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Опис на моменталната состојба на детето**<br>*(се забележува се она што претставува потешкотија во раното учење и развој на детето)* | |
| 2 | **Функционална опсервација на детето**<br>*(се вршат по неколку опсервации од страна на воспитувачот)* | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 3 | **Информации од родителите**<br>(се пишуваат забелешки и информации  по разговорите со родителите за развојот на детето) | |

**SWOT - АНАЛИЗА (функционален профил на детето базиран на МКФ ДМ)**

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| | |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| | |

**Поставување „СМАРТ“ цели за подобрување на социјалните интеракции, зголемено ангажирање во секојдневните рутински активности, подобрување на независноста и задоволување на потребите во секојдневниот живот на детето:**

| **1. Извештај за тековно постигнување по аспекти на развој (се врши по првото мерење во Инструментите за следење на напредокот – Досие за дете)** | |
|---|---|
| **Социоемоционален развој** | |
| **Здравје и моторички развој** | |
| **Јазик, комуникација, развој на писменост** | |
| **Когнитивен развој** | |
| **Пристап кон учење** | |

| **2. Дефинирање „СМАРТ“ цели за подобрување на функционалните способности на детето** | |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |

| | |
|---|---|
| 3. | |

3. **Утврдување на стратегии (активности) за подобрување на социјални интеракции, зголемено ангажирање во секојдневните рутински активности како и подобрување на независноста и задоволување на потребите во секојдневниот живот на детето.**

| | |
|---|---|
| Аспекти на развој во контекст на СРУР | |
| Можности и активности за рано учење и интервенции во градинка/ЦРДР | |
| Можности и активности за рано учење и интервенции во домот и надворешната околина | |
| Стратегии на подучување (вклучувајќи ги и диференцираните) | |
| Материјали / Ресурси | |
| Родители | |

| | |
|---|---|
| | |

| 4. **Проценка и следење на напредокот** | | |
|---|---|---|
| **Дата на следење** | **Аспекти на развојот** | **Резултати/Индикатори за мерење и следење на напредокот на детето** |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Степен на реализирани цели** | | |

**Вреднување на напредокот на функционалните способности (социјални интеракции, ангажирање во секојдневните рутински активности, независност во задоволување на потребите) на детето**

| | |
|---|---|
| 1. | Детето воопшто не покажува прогрес во функционирањето. |
| 2. | Детето покажува мал напредок, но не доволен за да се придвижи до своите врсници. |
| 3. | Детето се придвижува во своето функционирање до своите врсници. |
| 4. | Детето го подобрува своето функционирање до ниво на своите врсници. |
| 5. | Детето ги совладува вештините и функционира исто како и неговите врсници. |

| Забелешка на воспитувачот: |
|---|
| |

**Подрачје 5. Партнерски однос со родителите/старателите, со локалната и деловната заедница**

Инклузивната градинка/центар за ран детски развој се грижи сите деца да присуствуваат, да учествуваат и да покажат напредок во раното учење. За да се постигне ова неопходно е континуирано одржување на партнерски релации со родителите/старателите, со локалната заедница и со деловниот сектор.

Родителите/старателите се многу важни. Тие најдобро ги познаваат своите деца и можат да споделат многу корисни информации со ИТДГ/ЦРДР. Воедно, информирајќи за напредокот во раното учење и развојот и предизвиците со кои децата се соочуваат во ДГ/ЦРДР, добиваат можност да соработуваат во воспитно-образовните активности што ја подобруваат вклученоста и успешноста на нивните деца.

Да се обезбеди поддршка и учеството на децата во заедницата, значи да се обезбеди системски пристап во инклузивното предучилишно воспитание и образование што ги надминува рамките на ДГ/ЦРДР.

Преку зајакнувањето на децата, семејствата и предучилишните установи што се дел од локалната средина, се придонесува за подготовка на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, успешно да се оспособат за живот.

Инклузивното предучилишно воспитание и образование е континуиран процес што се случува во сегашноста и е насочен кон иднината на децата. Затоа, соработката на ИТДГ/ЦРДР со деловната заедница и со невладините организации (домашни и меѓународни), може да ги подобри тековните состојби, но и да создаде услови за реални перспективи на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој, идни граѓани на современото инклузивно општество.

**5.1. Соработка со родителите/старателите**

Најдобро е партнерските релации помеѓу ИТДГ/ЦРДР и родителите/старателите да почнат да се градат при уписот на детето во ДГ/ЦРДР и континуирано да продолжат да се практикуваат низ различни активности. На тој начин се отстрануваат бариерите и се креира поддршка, со што детето се чувствува прифатено, соработува и учествува во активностите во ДГ/ЦРДР.

1. **Протокол за прибирање податоци за родителите/старателите на децата со** попреченост или тешкотии во раното учење и развој

1.1. Од родителите/старателите на децата со попреченост се прибираат податоци со интервјуирање и со обезбедување наод и мислење од Службата за функционална проценка (прилози 1/2, 1/3, 1/4, 1/5).

1.2. Првични податоци за односот на детето со родителот се прибираат и со непосредно набљудување при уписот во предучилишната установа.

**2. Протокол и договарање стратегии за соработка со родителите/старателите во зависност од нивните потреби и семејниот контекст**

2.1. ИТДГ/ЦРДР покажува особена грижа да се оствари соработка со родителите/старателите на децата со попреченост и другите деца за кои се изготвува ИВОП. ИТДГ/ЦРДР со родителите/старателите организира индивидуални средби на кои се планираат можностите за поддршка.

– При тоа ИТДГ/ЦРДР од родителите/старателите бара согласност за работа на нивното дете според ИВОП (прилог 5/1) и дополнителни информации за нивното дете (прилози 5/2 – 5/6).

– Родителите/старателите се членови на Инклузивниот тим за дете, вклучени се во изготвувањето на ИВОП за нивното дете и се информирани за напредокот и ревизиите на ИВОП (прилози 2/6 – 2/12).

2.2. ИТДГ/ЦРДР организира домашни посети, обуки, советувања и предавања за сите родители за прашања на инклузија и особено за прифаќање на децата со попреченост. За посетите се води евиденција.

2.3. ИТДГ/ЦРДР им помага на семејствата на децата од маргинализираните групи и ги насочува каде да добијат стручна помош од компетентни и стручни лица надвор од ДГ/ЦРДР (здравствени установи, советувалишта, центри за социјална работа, хуманитарни организации и сл.).

2.4. ИТДГ/ЦРДР ги охрабрува родителите/старателите на децата со попреченост да се вклучуваат во органите на предучилишната установа, на пр. во ИТДГ/ЦРДР и на тој начин да придонесат за инклузивноста на предучилишната установа (прилози 5/7 и 5/8).

2.5. ИТДГ/ЦРДР ги поттикнува родителите/старателите на децата со попреченост да се вклучуваат во воспитно-образовниот процес со учество во работилници, следење на активности, на приредби, преку професионално и волонтерско ангажирање, учество во дополнителни активности за поддршка на децата.

2.6. ИТДГ/ЦРДР се залага родителите/старателите на децата со попреченост да добијат јасни, разбирливи и достапни информации за присуството, учеството и постигнувањата на нивните деца со: податоци од досието на детето, ИВОП и ревизија на ИВОП, работни листови, изработки, цртежи, чек-листи, евидентни листи, електронска комуникација.

2.7. ИТДГ/ЦРДР преку својата работа придонесува родителите/старателите да се чувствуваат добредојдени во предучилишната установа.

– Членовите на ИТДГ/ЦРДР и на ИТД професионално ги планираат средбите со родителите/старателите: праќаат покана, договараат термин, наоѓаат соодветен простор, определуваат времетраење на средбата и тема на разговор, подготвуваат прашања и инструменти.

– Членовите на ИТДГ/ЦРДР и на ИТД професионално ги реализираат средбите со родителите/старателите. Во комуникацијата се фокусираат на силните страни на детето и ресурсите на семејството што ќе се користат како основа на која ќе се

надградува поддршката, покажуваат емпатија, градат релации на почитување и доверба, даваат можност за присуство на луѓе што се важни за семејството.

2.8. Советувалиштето за деца и родители во ДГ/ЦРДР дава поддршка на родителите во обезбедувањето на оптимални услови за развој на детето во семејната средина преку подигнување на нивото на педагошка едукација. Работата со родителите опфаќа: семејно советување (со двајцата родители); психолошко советување; педагошко советување; советување во областа на социјалната работа; советување во областа на превентивната здравствена заштита; советување на родителите на децата со попреченост или тешкотии во раното учење и развој и деца кои покажуваат натпросечни достигнувања.

## 5.2. Соработка со локалната заедница

На децата им се потребни можности оптимално да ги развијат своите потенцијали и успешно да се интегрираат во локалната заедница. Затоа ИТДГ/ЦРДР соработува со сите релевантни лица од заедницата, кои се подготвени да дадат позитивен придонес. Советувалиштето за деца и родители во ДГ/ЦРДР соработува со надворешни заедници и институции преку проекти за советување во градинка; организирање и учество во стручни советувања од областа во која работи; соработка со центри за социјална работа, здравствени установи, институции за деца со попреченост, институции за обука, педагошки факултети.

### 1. Протокол за информирање на заедницата за инклузивните политики и практики на ДГ/ЦРДР

1.1. ИТДГ/ЦРДР се грижи во сите информативни материјали (брошури, плакати, летоци, видеа и сл.) и други презентации на ДГ/ЦРДР (на медиуми, преку јавни настапи, посети и сл.) да се отсликува инклузивноста и тие да бидат широко достапни;

1.2. ИТДГ/ЦРДР промовира култура на отворена и инклузивна предучилишна установа во која се добредојдени (со свои идеи, придонес) сите членови на локалната заедница и ги координира активностите за отворање на ДГ/ЦРДР кон заедницата.

### 2. Протокол за соработка со локалната заедница

2.1. ИТДГ/ЦРДР се вклучува во животот на локалната заедница со учество во заеднички инклузивни проекти.

2.2. ИТДГ/ЦРДР го поттикнува учеството на децата во настани од интерес на заедницата, вклучувајќи ги и децата од маргинализираните групи.

2.3. ИТДГ/ЦРДР ги мотивира децата со попреченост за волонтерско вклучување во некои активности на заедницата.

2.4. ИТДГ/ЦРДР соработува со заедницата заради подобрување на условите за работа со децата со попреченост во градинката.

2.5. ИТДГ/ЦРДР иницира вклучување волонтери од заедницата во воспитно-образовните активности, најчесто како поддршка за децата со попреченост.

## 5.3. Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор

### 1. Протокол за соработка со деловната заедница

1.1. ИТДГ/ЦРДР соработува и спроведува заеднички инклузивни проекти со стопански организации, занаетчиски работилници и здруженија.

1.2. ИТДГ/ЦРДР се грижи професионалното информирање и ангажирање на децата со попреченост да се одвива преку соработката со деловната заедница.

### 2. Протокол за соработка со невладиниот сектор

2.1. ИТДГ/ЦРДР истражува и користи можности за подобрување на условите за инклузивно предучилишно воспитание и образование преку спонзорства и донации (отстранување архитектонски бариери, користење асистивна технологија, обезбедување материјали/ресурси за работа со деца со попреченост или тешкотии во раното учење и развој итн.);

2.2. Преку соработката со НВО, покрај подобрување на условите за инклузивно воспитание и образование, се реализираат активности и работилници за деца, родители и вработени во ДГ/ЦРДР за градење инклузивна култура;

2.3. Членовите на ИТДГ/ЦРДР иницираат и се вклучуваат во проекти, водени и поддржани од НВО, чија цел е зголемување на инклузивноста на ДГ/ЦРДР.

**ПРИМЕРИ НА ИНСТРУМЕНТИ И МОДЕЛИ НА ДОКУМЕНТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО 5**

Прилог 5/1. ПИСМО ДО РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ ЗА СРЕДБА И ИЗГОТВУВАЊЕ ИВОП

Почитувани,

Сакаме да Ве информираме за потребата од средба со цел да се изготви индивидуална воспитно-образовна програма за Вашето дете (ИВОП). За времето што Вам Ви одговара и за ваквата средба можете да нè информирате на телефонскиот број________________.

Кога детето не ги постигнува очекуваните резултати од програмата за рано учење и развој, базирана на стандарди за рано учење, односно има потреба од дополнителна поддршка во воспитно-образовниот процес, се изготвува ИВОП. Ова е документ со кој се планира воспитно-образовната работа за да им помогне на децата и на воспитно-згрижувачкиот персонал да постигнат оптимален успех.

ИВОП содржи основни информации за детето, цели на учењето соодветни на индивидуалните можности на детето, начини за работа со детето, резултати што се очекуваат да ги постигне детето и начини на коишто ќе се следат постигнувањата.

Сметаме дека успешната соработката со Вас е многу значајна за да излеземе во пресрет на потребите на Вашето дете.

Ве уверуваме дека ќе ја заштитиме Вашата приватност.

Со почит, ИТДГ/ЦРДРИТДГ/ЦРДР____________________________

Датум:________________________________

КАКО БИ ГО ОПИШАЛ/ОПИШАЛА МОЕТО ДЕТЕ

------------------------------------------------

(Име и презиме на детето)

**Физички и здравствени карактеристики**

Често се разболува, на промена на време, секогаш во септември и октомври, има послаб имунитет.

**Посебни интереси и таленти**

Има голема желба да плива и знае добро да плива.

**Социјален развој**

Има многу добар социјален развој, сака да се дружи со другарчиња и да си игра со нив. Знае добро да се приспособи во играта и многу да се забавува. Сака да зборува со други луѓе и да ги поздравува, на пример во парк, на пазар, сака многу животни, сака да си игра со нив и многу му се интересни.

**Емотивен развој**

Многу е емотивен, знае да се приврзе кон некоја личност и да ѝ даде многу љубов. Исто така многу е осетлив на личности што не му обрнуваат внимание и кон нив се однесува луто, грубо.

**Други карактеристики**

Има многу добри навики, особено навики од лична хигиена, хигиена во домот и воспитните активности. Кога ќе добие некоја задача, на пример да си ги измие забите, рацете или лицето, тој знае дека тоа треба да го направи и веднаш го извршува, а понекогаш знае и сам дека треба тоа да го направи. Во домот многу соработува, особено кога треба да се соберат играчките.

Родител/старател:________________

Датум__________________

Прилог 5/3. ОТСТРАНУВАЊЕ БАРИЕРИ ЗА УЧЕСТВО

Дете: J.J.

Група:

Година: ------------------

ШТО МИСЛАТ ЗА БАРИЕРИТЕ?

| **Родителите/старателите** | | **Воспитно-згрижувачкиот персонал** | | **Детето** |
|---|---|---|---|---|
| Бариера за учество | Решение | Бариера за учество | Решение | Бариера/ Решение |
| Неудобно ѝ е седењето затоа што количката постојано ѝ се оддалечува од масичката. | Да се направи специјална масичка со заоблен дел, за да може количката да се приближи до масичката. | | Да се адаптира масичка за да седи со другарче. | Може да се побара мислење од детето. |
| Брзо се заморува, што се забележува по положбата на телото. Секое претпладне има вежби со физиотерапевт. | Потсетување правилно да го држи телото. | | Потсетување правилно да го држи телото. Флексибилен дневен распоред, зависно од времето на присуство. | |
| Тешко ги разбира математичките концепти. | Се работи на препознавање на основните просторни односи: напред, назад, горе, долу; одредување количина, што е повеќе, што помалку. | | Работа според ИВОП. Континуирана поддршка од воспитувачот и децата. Работа со манипулативи и преку конкретни примери.<br>Примена на асистивна технологија. | |
| | | Неприсуствување на часовите по физичко образование. | Разговор со родител. Вклучување во однапред испланирани активности во пар и во група. | |

**Мислење на** ИТДГ/ЦРДР

Отстранување на бариерите за учество, согласно договорените решенија од родител и воспитувач. Преку соработка со деловната заедница и невладиниот сектор да се обезбеди пристапност на градинката за деца во количка.

Прилог 5/4. ИНСТРУМЕНТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИОРИТЕТИ

ПРИОРИТЕТИ ЗА МОЕТО ДЕТЕ

Силни страни/способности што ги поседува моето дете се:

На моето дете можно е да му треба поддршка заради:

Најважен приоритет за оваа година сакам да биде:

Дома ќе му помагам на детето со:

Ќе знам дека моето дете напредува ако:

Втор приоритет за оваа година може да биде:

Родител:____________________________

Датум:___________________________

Прилог 5/5. **Анализа со примена на Меѓународната класификација за функционалност**

СВОТ АНАЛИЗА (SWOT Analyses)

| Дете: Н.Н. Воспитна година: ---------------- <br><br> Воспитна група: над три до четири години | |
|---|---|
| СИЛНИ СТРАНИ <br> -Ана лесно воспоставува социјални контакти, адаптирана е во групата, сака да си игра со децата и често сама иницира игра. <br> -Нејзиниот речник е развиен, знае многу зборови. <br> -Прифаќа нова храна во текот на една до две недели, ако постапно се зголемува големината на парчињата и се внимава на мекоста и текстурата. <br> -Со интерес следи што прават другите околу неа и се обидува да се приклучи во играта. <br> - Може да седи самостојно, иако се случува понекогаш да изгуби рамнотежа. Таа почнува самостојно да стои со поддршка. | СЛАБИ СТРАНИ <br> -Тешко се разбира што зборува поради лошата орална моторичка контрола и потешкотии во артикулацијата. <br> -Јаде многу малку видови на храна и може да се „гуши“, ако парчето е поголемо или не е доволно меко. <br> -Често плаче кога не ја разбираат што сака да прави во предучилишни активности. <br> -Во игра со децата, најчесто ѝ е потребна помош од возрасен. <br> -Не може самостојно да користи лажица и да се облекува. <br> - Детето има проблем со одржување рамнотежа и контрола на телото. |
| **Можности** <br> - Ана оди редовно во градинка каде што може да научи повеќе начини како да си игра со другите деца. <br> - Распоредот на денот во градинка ѝ овозможува на Ана да внесува храна на секои 3-4 часа, што ѝ е неопходно за да ја одржи телесната тежина и има можности да ја проширува листата на јадења кои ги јадат и другите деца. <br> - Воспитувачот користи различни форми на работа и таа може секојдневно да стекнува комуникациски вештини и да напредува во говорот, играјќи си заедно со своите врсници. <br> - Ана се повеќе зајакнува во одржување рамнотежа и наскоро ќе може да оди. Секогаш има возрасен кој ѝ подава рака или се грижи да не биде турната од друго дете при обидите да стои исправено. | **Можни бариери** <br> -Непристапност на градинката за деца во количка. <br> - Неприлагодена програма за рано учење и развој на индивидуалните потреби и можности на секое дете. <br> - Неинформираност за соодветни стратегии на поучување и игровни материјали, специјално наменети за деца со потешкотии во моториката. |

| | |
|---|---|
| - Детето има поддршка во семејството. | |

Прилог 5/6. ИНФОРМАЦИИ ЗА НАЧИНИТЕ НА ПОУЧУВАЊЕ НА ДЕТЕТО

КАКО НАЈЛЕСНО УЧИ МОЕТО ДЕТЕ?

Размислете како учи вашето дете. Означете го секое од тврдењата подолу што се однесуваат на него.

Како најлесно може да учи детето?







| | | |
|---|---|---|
| Сака сликички и сложувалки. | Сака музика. | Сака движење, трчање, качување, скокање. |
| Обожува да црта и да бои. | Обрнува внимание на звуци и врева. | Сè сака да допре. |
| Го привлекуваат бои, облици, модели. | Сака да слуша кога некој му чита. | Сака игри со песок. |
| Помни што видело. | Памти што слушнало. | Помни што е направено. |
| Учи преку набљудување. | Слуша за да научи. | Учи преку имитирање активности. |
| Забележува детали во просторот. | Додека игра, си зборува во себе. | Не му пречи кога ќе се извалка. |
| Сака да игра со играчки. | Повеќе сака зборување, отколку активности со движење. | Повеќе сака да игра надвор, отколку во затворен простор. |
| Друго: | | |

Прилог 5/7. ПРАШАЛНИК ЗА ВКЛУЧЕНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

**Цел**: Целта на прашалникот е да се види согледувањето на родителите/старателите за врските на комуникација во инклузивниот процес во предучилишната установа за своето дете. Може да се спроведе периодично.

**Прашалник за родител**

| | Одлична | Многу добра | Добра | Делумно добра |
|---|---|---|---|---|
| Како би ја опишале интеракцијата помеѓу Вашето дете и другите во групата? | | | | |
| Како би ја оцениле вклученоста на Вашето дете во активностите на групата? | | | | |
| Како би ја оцениле вклученоста на Вашето дете во активностите во ДГ/ЦРДР? | | | | |
| Како ја оценувате комуникацијата помеѓу Вас и воспитувачот? | | | | |
| Како би ја оцениле комуникацијата помеѓу Вас и стручните работници? | | | | |
| Како ќе ја оцените повратната информација што ја добивате од вработените во ДГ/ЦРДР? | | | | |
| Наведете што би требало да се подобри во ДГ/ЦРДР? | | | | |
| Како и на кој начин Вие сте вклучени во планирањето на активностите за Вашето дете? | | | | |

Воспитувач/стручен работник:________________________________

Прилог 5/8. ПРАШАЛНИК ЗА ВКЛУЧЕНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

**Прашалник за учеството на родителите/старателите во работата на ДГ/ЦРДР**

1. Што мислите за прифатеноста на вашето дете?

   Од воспитно-згрижувачкиот персонал:

   Од децата:

2. Како родител, кои се вашите можности да учествувате во работата на ДГ/ЦРДР?

3. Дали досега сте се обиделе да се вклучите во работата на ДГ/ЦРДР? (Доброволно сте се пријавиле, сте побарале да учествувате во некои активности?)

   Ако е Да, во кои?

4. На кој начин во моментов сте вклучени во работата на ДГ/ЦРДР?

5. Во кои области од животот и работата на ДГ/ЦРДР би можеле во иднина да учествувате?

6. Какви се Вашите ставови за предучилишното инклузивно воспитание и образование?

7. Мислите ли дека родителите/старателите можат да влијаат врз инклузивните процеси?

   Како?

8. Како ДГ/ЦРДР, локалната заедница, институциите и невладините организации можат да ги унапредат инклузивните процеси?

Прилог 5/9. ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕНКА

Име презиме на родител_______________________________________

Име презиме на дете ________________________________________________

Дата на раѓање на детето_______________

Објект______________________

Воспитна група______________________

Воспитувач_____________________________

Негувател______________________________

Возраст од 0 – 24 месеци

ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ

(социјална, емоционална, визуелна комуникација, слушање и изразување)

| **ОЧЕКУВАНИ ПОЈАВИ И РЕАКЦИИ**<br>**Приближна возраст на очекуваната појава и возраст** | **месец** |
|---|---|
| Дали покажува интерес (реагира на човечки глас) кон говорот на возрасните? | 1 |
| Дали престанува да плаче, штом некој му се приближи и обрати? | |
| Дали се смее и вокализира во тек на комуникацијата? | 2 |
| Дали со внимание гледа во вас за време на интеракцијата? | |
| Дали препознава познати личности и реагира со движење на телото? | 3 |
| Дали насмевката е во функција на социјалната интеракција (гласно се смее кога некој му се обраќа)? | |
| Дали произведува некои самогласки и согласки (у, а, е, г, к)? | |
| Дали постои гукање и дали при тоа се јавува комбинирање на повеќе различни вокали (а, е, ае)? | |
| Дали постои адекватна реакција на интонацијата на мајчиниот глас (се радува кога и/му се обраќаме нежно, се растажува кога и/му се обраќаме студено, иако не ја разбира содржината на пораката)? | |
| Дали детето негодува кога мајката си оди и се прекинува комуникацијата? | 4 |
| Дали има променлива интонација за време на плачењето и | |

| | |
|---|---|
| гугањето? | |
| Дали се огласува кога го вика возрасен? | |
| Дали реагира на звук (ѕвончето на вратата) чиј извор не го гледа? | 5 |
| Дали ја свртува главата кон изворот на звук? | |
| Дали покажува голем интерес за звучни играчки? | |
| Дали препознава и реагира на познат глас? | |
| Дали самоиницијативно се огласува за да го привлече вашето внимание? | |
| Дали изговара самогласки а, о, у, и, е?<br>Дали создава согласки како м, н, б, п, т, д, к, г кога е во интеракција со возрасните? | 6 |
| Дали почнува да брбори произведувајќи различни гласовни комбинации (вокали со согласки)? | |
| Дали престанува да се огласува за да го сослуша возрасниот? | |
| Дали се свртува кон возрасниот кој зборува? | |
| Дали следи објект кој се движи хоризонтално? | |
| Дали е подготвено за заедничко играње врз основа на научените гласовни реакции? | 7 |
| Дали има дискретни движења на јазикот л, ф, в, д, н? | |
| Дали во текот на брборењето ја менува интонацијата и мелодијата како да пее? | |
| Дали ги имитира изразите на лицето на возрасните? | |
| Дали реагира на непознато лице? | 8 |
| Дали се радува на познати лица? | |
| Дали го препознава својот лик во огледало? | |
| Дали почнува да ги разбира забраните „не, не“? | |
| Дали удвојува исти слогови како „ба-ба“, „ма-ма“, „да-да“? | 9 |
| Дали се поздравува со гест или гласовно? | |
| Дали има гестовно играње во комуникацијата (па-па, тапши-тапши)? | |
| Дали ги имитира движењата кои ги следат песните или игрите со рацете (на пример „Тапши-тапши“)? | |
| Дали разбира поедини зборови, име на предметите од своето видно поле во конкретна позната ситуација? | 10 |
| Дали одговара со вртење на главата и со насочен поглед кон прашањето: „Каде е мама?“, кога таа личност му е во видното поле? | |

| | |
|---|---|
| Дали имитира движења со главата, телото, рацете и нозете кога тоа ќе го види од Вас? | |
| Дали бебето поврзува движење или израз на лицето со значењето? | |
| Дали го поврзува зборот со поимот или личноста и на тој начин формира значење? | |
| Дали се врти и гледа кон Вас кога ја/го викате по име? | |
| Дали знае да покаже додека му пеете на пример: „Две рачички десет прсти“? | |
| Дали употребува 1-2 слога со значење во одредена ситуација (па-па на заминување)? | |
| Дали ја следи музиката и дали се ниша и радува на звукот на позната песничка на пр. „Ринге ринге јаја“? | 11 |
| Дали имитира некои активности (кашлање, смеење)? | |
| Кога барате да покаже барем еден дел од телото, дали има гест на покажување и насочен поглед? | |
| Дали прави некои слоговни комбинации од 2 до 3 слога со значење во рамките на конкретна ситуација (да..ма –ма..)? | |
| Дали имитира некој звук како што е огласување на животни или било кој звук од околината (брм, ав, мјау)? | |
| Дали ужива во заедничките игри? | |
| Дали го знае своето име и реагира на него? | 12 |
| Дали плеска со рацете кога тоа се бара од него? | |
| Дали имитира некои зборови? | |
| Дали самото продуцира неколку разбирливи зборови со значење (5 – 20), а разбира значајно повеќе? | |
| Дали покажува чувства кон познати личности? | |
| Дали разбира и извршува едноставни барања дојди, седни, стани? | 16 |
| Дали ужива во разгледување слики во сликовници барем една минута и со тоа остварува заедничко внимание со возрасните? | |
| Дали покажува слики на животни или некои други предмети во сликовницата кога ќе го замолите: „Покажи ја кравата“, „Каде е топката?“(да покаже со прстето) | |
| Дали се вклучува во пеење песнички? | |
| Дали речникот му се зголемува за 5 - 15 зборови месечно? | |
| Дали детето разбира и извршува едноставни наредби кои не се пропратени со гест? | |
| Дали се огласува со други деца? | |

| | |
|---|---|
| Дали детето се служи функционално со предметите во играта со возрасните или во играта со куклата? | 18 |
| Употребува ли функционално телефон, шишенце за хранење кукла, чешел за чешлање кукла? | |
| Дали има симболичка игра? | |
| Може ли да имитира гушкање, бакнување на кукла, подготвување на храна за неа, подготвување на куклата на спиење? | |
| Дали имитира зборови на возрасни што разговараат? | |
| Дали речникот брои 30 -100 зборови? | |
| Дали користи еден збор со посебна интонација која носи значење за цела реченица? | |
| Дали постои иницијална реченица (збор + гест) или ширење на исказот од збор кој се скратува само на првиот слог (Ма- ку –што значи мало куче)? | |
| Дали сака самостојно да прави некои работи? | |
| Дали имитира реченица од два збора именка + глагол: „Бебето спие“, „Нема топка“ или фраза од два збора – пр. „Мала топка“? | 20 |
| Дали се јавува љубопитност и истражување? | |
| Дали се јавува чувство на љубомора и лутење? | |
| Дали покажува три видливи делови од телото? | 22 |
| Дали покажува на предметот кој се бара од 4 понудени: пр. топка, автомобил, коцка, маче ...„Покажи ми го автомобилот“? | |
| Дали користи зборови со цел да протестира? | |
| Дали учествува во разговор во кој комбинира два збора за да одговори на родителот? | |
| Дали се јавува чувство на гордост кога го фали некој од околината? | |
| Дали покажува 5 именувани делови од телото? | 24 |
| Дали извршува два едноставни налози дадени едно по друго („Земи ја топката и донеси ја“) | |
| Дали спонтано кажува зборови? Дали изговара 50 – 200 зборови? | |
| Дали детето потпевнува познати песнички и дали рецитира кратки стихотворби? | |
| Дали комбинира два збора за да побара нешто, или за да одговори на возрасен или врсник, или нешто да прокоментира при водење на дијалог? | |
| Дали комбинира два збора во реченица или краток говорен израз кога вклучува глагол во однос на отсутен предмет? Пр. | |

| | |
|---|---|
| „Неќе вода“, „Не спие“, „Уште пие“, „Готово Ева“, „Готово вози“, „Тато иде“, „Вози кола“.... | |
| Дали ја менува висината на својот глас во тек на говорот? | |
| Дали употребува заменки: јас, мое? | |
| Дали користи некои придавки: големо, мало? | |
| Дали изговара едноставни предлози: на, во? | |
| Дали почнува да прави неколку реченици со три збора? | |
| Дали прашува „Што е тоа?“ | |
| Дали се јавува срам и вина, кои се често поврзани, пр. доколку детето се помочкало, а не носи пелени? | |

Возраст од 2 – 3 години

Датум ____________________

Име презиме на родител____________________________________

Име презиме на дете ____________________________________________

Дата на раѓање на детето______________

Објект_____________________

Воспитна група_____________________

Воспитувач____________________________

Негувател_____________________________

РАЗБИРАЊЕ НА ЗБОРОВИ

Кога детето го викате по име, дали се врти или одговара со глас?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Дали Вашето дете може да донесе предмет кој Вие му го барате, без дополнителни објаснувања и насоки (пр. Донеси ми ја топката)?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Дали Вашето дете може да исполни две или повеќе барања истовремено (пр. Соблечи ги чевлите, стави ги на место и седни на креветот)?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Отприлика колку зборови Вашето дете разбира доколку само го прашате, без да покажувате со прст или гест? Пр. Ако кажете: „Каде е мечето?“, „Каде е тато?“, „ Дај ми ја топката !“, „Дојди!“

а) ниту еден б) 1-2 в) 3- 4 г) 5-8 д) повеќе од 8.

УПОТРЕБА НА ГЕСТОВИ

Дали Вашето дете се обидува да земе некои предмети и да Ви ги даде?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Дали Вашето дете кога нешто сака, Ви покажува со прст или поглед?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Дали на Ваше барање детето со прст покажува предмети?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Дали детето потврдува со главата како позитивен одговор на Вашето прашање?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

Дали Вашето дете со рачето ги поздравува другите луѓе?

а) сѐ уште не б) понекогаш в) често

КОМУНИКАЦИЈА

Дали детето од Вас бара помош кога сака да дофати нешто?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

Кога вниманието не Ви е насочено кон детето, дали тоа се обидува да Ви го привлече вниманието?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

Дали детето се обидува да Ве насмее?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

Дали детето се обидува да Ви покаже некој предмет или играчка и кога не бара да си играте со него?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

ЕМОЦИИ

Додека детето си игра со играчки, дали го бара Вашиот поглед за да види дека го гледате?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

Дали детето Ви се насмевнува или гласно се смее додека Ве гледа?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

Кога гледате или покажувате нешто, дали детето Ве следи со очите?

а) сè уште не б) понекогаш в) често

УПОТРЕБА НА ЗВУЦИ

